## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пртениците кои не влегле во салата да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжубваме со работа по Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубчо Георгиевски, Тале Герамитчиоски, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Лазар Китановски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Сафет Незири, Данаил Дончев, Илинка Митрева, Јани Макрадули, Панче Дамески, Абдулади Вејсели, Тито Петковски и Цветанка Иванова, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Деветта точка - Предлог на закон за земјоделско земјиште.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

За процедурална интервенција се јави господин Павле Трајанов.

Повелете, вашите три процедурални минути.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас по втор пат сакам да предложам одредени работи се во функција да се зголеми ефикасноста на работата на парламентарниот дом.

Прво, неспорно е дека работното време согласно Деловникот треба да започнува во 10, а треба да завршува во 18,00 часот. Меѓутоа, согласно некоја одлука, веројатно на Парламентот, ние почнуваме во 11,00 часот, а по правило завршуваме во 18,00 часот. Мислам дека на овој начин Парламентот е крајно неефикасен во своето функционирање и затоа предлагам ако е можно тоа да го поставите, господине претседателе, повторно на координација на која што ќе присуствуваат и независните пратеници и претседателите на партии кои што немаат пратенички групи, на која што ќе се договориме работното време да започнува од 10,00, всушност на седници, од 10,00 да започнува а да завршува во 15,00 часот. Мислам дека на овој начин ќе се зголеми и работната атмосфера но и ефикасноста на Парламентот. Вака, еве гледаме, со какви се проблеми се сретнуваме.

Второ, неспорно е дека Парламентот е во постојано заседание согласно Уставот, согласно Деловникот за работ на Републичкото собрание, меѓутоа, мислам дека тоа што ние работиме пет дена, Парламентот заседава пет дена, не останува време ниту за одржување на работилници, на трибини и други активности кои што се неопходни за функционирање на Парламентот, посебно за работа на собраниските комисии. Многу кусото време кое што се дава на комисиите често пати доведува да се поминат точките на брзина, а потоа да се води темелна, општа расправа за сите законски проекти, но и за амандманите на пленарните седници.

На тој начин мислам дека се закочува процесот на ефикасно работење на Парламентот.

Трето, што мислам дека можеби трбаше и прво да биде е тоа што ние навистина се пројавуваме како слаба карика на системот во Република Македонија со тоа што не може Парламентот да одговори на потребите или на реформските потреби кои што се неопходни за Република Македонија, поради, пред се, не сакам да зборувам за тоа дали и како се опструира работата, но факт е дека најголемиот дел на пратениците не присуствуваат на седниците. Еве денеска е факт дека требаше да започнеме со работа во 11,00 часот, а се ближи 12,00 часот, или пак подоцна е уште помал бројот на пратениците.

Сакам да апелирам и до претседателите на партиите кои што треба практично да бидат пример како треба да се учествува и да се работи во Парламентот, тие скоро не се присутни на седниците. И, затоа мислам дека со право сите ни посочуваат, тоа веројатно ќе биде и оценка од страна на Европската комисија дека Парламентот го кочи процесот на реформи во државата.

Се надевам претседателе дека овие прашања ќе ги поставите на координација и ќе биде информиран Парламентот за одлуките. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Сосема е сватлива вашата интервенција. Има повеќе денови како вртат низ Собранието гласови, различни предлози. Треба да ви кажам дека сум запознат со сите предлози што се во опција околу промената на работното време, меѓутоа сум разочаран што нема една опција која би се однесувала на промената на работните навики. Мислам дека само така ако гледаме, само ако гледаме интегрално да ги промениме работните навики и работното време, го поздравувам таквиот предлог и мислам дека наскоро тоа ќе биде ставено на дневен ред на една координација. Тоа прашање е ексклузивно. Едно, само на дневен ред, тоа бара подобра студија,

барам од сите шефови на парламентарни групи добро да размислат, да им добри, да има плодни предлози, да го усвоиме тоа, зошто е крајно време да работиме.

Од друга страна очекувам по 7-ми, 8-ми една рецесија на напнатоста така што ќе бидеме поспокојни и мислам дека така ќе бидеме и попродуктивни.

Го прифаќам предлогот, само не би го правел наврат-нанос. За почеток, сега, еве во петок планираме да не работиме пленарно, да го оставиме тој ден за работа на комисиите.

Најакутното прашање околу нашиот работен ден, околу нашето работно време прво да создадеме простор за комисии. Мораме тој простор да го создадеме, а потоа за друго.

Ви благодарам за интервенцијата, така стојат нештата, мислам дека во текот на следната недела, ќе созреат предлозите за да видиме како и што. На тоа прашање ќе посветиме внимание.

Има разни предлози, на пример да почнуваме во 10,00 часот. Ние почнуваме во 11,00 часот а се почнуваме во 11,40 часот. Ако почнуваме во 10,00 часот, значи ќе почнуваме во 11,15 часот, што не е голема придобивка. Затоа мораме добро да го размислиме тоа прашање. Сум да работиме пократко, а далеку поударно, далеку поударно. И, тука има простор.

Ви благодарам на интервенцијата.

Ако дозволите сега преоѓаме на амандманска расправа и го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Се извинувам госпоѓо Дулиќ, повелете, процедурално.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господин претседателе.

Со оглед дека ја отворивте оваа тема, имајќи ги во вид сите овие работи и досегашното однесување какво што е, можеби нешто ќе се подобри, меѓутоа сметам дека комплетно нема да се постигне целта ако не почнете да го применувате законот за работни односи, односно за отсуство од работа од седниците да не се дава плата. На тој начин мислам дека ќе се воспостави дисциплина. Ако го следите дневниот печат ќе видите дека професорите од факултетите и други интелектуалци веќе реагираат на ова наше однесување односно на парламентарците кои што не го почитуваат работниот однос кој што го имаат со Собранието на Република Македонија.

Според тоа на координација мислам дека и ова прашање ќе треба да го отворите и сериозно да го разгледате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

И ова мислење е легитимно, се разбира кога ќе разговараме ќе има и крајности, за ова или не. Како јас го чувствувам светот, јас не го чувствувам така со примена на палијативни мерки, на закони на зашрафување. Моето чувство на светот е дека можеме да се договориме и мислам дека можеме. Се надевм дека нама да дојдеме до таму да употребуваме казнени мерки. Инаку деловнички имаме за тоа колку сакаме простор, но не би требао до таму да дојдеме.

Молам, сите предлози ќе бидат легитимни, затоа јас дадов апел добро да се размисли за да се најде една златна средина.

Дозволете сега да го замолам претставникот на Владата да се произнесе.

**Перо Димшоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, дозволете ми да дадам еден краток осврт во однос на законот за земјоделско земјиште...

(Реакција на пратениците во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Само еден момент, ние може овде да имаме грешка, да провериме, само еден момент.

Читам уште еднаш господине заменик:

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Ве молам да се произнесете во име на Владата.

Имате збор.

**Перо Димшоски:** Овој амандман не се прифаќа, бидејќи во однос на имање претставник од заедница надвор од државна институција, саконот предвидува да имаме претставник од земјоделските здруженија и ние практично да имаме претставник од локалната самоуправа, и бидејќи тие огласи се делат во повеќе општини, во исто време излегуваат, тоа би значело формирање на многу комисии, би ја забавило работата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Ацо Киров, повелете, имате збор.

**Ацо Киров:** Благодарам претседате;ле, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре,

Јас вашето образложение околу неприфаќањето на амандманот воопшто не го прифаќам од приини што особено на крајот кажавте дека треба да се формираат многу комисии или тоа би било една обемна работа околу формирањето на тие комисии.

Овој амандман кој што го поднесовме се поврзува со амандманот 16. Значи, во член 21 бараме промена односно бараме во овие комисии, мислам дека комисијата е од пет члена, ја формира министерот, бараме да има еден член од локалната самоуправа затоа што се однесува за земјиште, односно да доаѓа член од локалната самоуправа затоа што тоа земјиште е на општината за која што треба да се дава под закуп односно да има јавен оглас за подзакуп.

Тоа го кажувам, или повеќе би го потврдил фактот за тоа, затоа што во друг член, во член како што кажав 16 барате, еве ќе прочитам, став 1,2,3,4 и 5 некаде, “вредноста на земјоделското земјиште кое е предмет на размена ја утврдува Комисијата формирана од Советот на општината, Советот на општината, на Град Скопје и тн. и тн. Според пазарната вредност на подрачјето на кое што се наоѓа земјоделското земјиште. Од една страна бараме помош од општината, од локалната самоуправа за да ја утврди вредноста на земјиштето за кое е распишан оглас, а од друга страна не сакаме да имаме член во оваа Комисија која што според овој закон ја формира министерот за земјоделие.

Тоа се две работи спротивставени една со друга и секогаш сум бил еден од тие кој што бара во тие комисии кога се однесува за општините, за локалната самоуправа да има секогаш член од локалната самоуправа, како што и вчера баравме во Комисијата за развој на земјоделието и рурален развој да исто така да има член од Локалната самоуправа.

Овде во овој закон немаме во комисијата која што ќе ги разгледува предложените јавни тендери, од страна на земјоделците, стопански субјекти и тн., немаме ни еден претставник на локалната самоуправа.

Јас не би сакал повеќе да должам, овој член 16 и овој член 21 во кои што ова го бараме, се спротивни. На крајот пак ќе кажам од една страна барате Комисијата за земјделие да ја утврди цената на земјиштето од таму од каде што е општината, а од друга страна не давате во оваа комисија да имаме член од локалната самоуправа, односно има член од Здружението на земјоделците. И тоа е во ред, не велам дека не е во ред, но според мене меѓу овие пет члена мислам дека треба да се најде и овој, но да имаше и член од локалната самоуправа. Бидејќи тој човек доаќа од оваа територија,од оваа општина, најдобро ја познава, а и од нив по овој закон бараме да ја одредат висината на пазарната цека на земјата и не знам од кои причини не дозволуваме да има еден член од локалната самоуправа.

Мислам разочарувачки е според мене што и до сега во многу закони што баравме транспарентот на локалната самоуправа, поголема децентрализација, за што и се бориме и што е еден од условите на Европската унија за децентрализација во сите сфери, еве ние повторно формираме комисија која е составена од 5 члена, кои што ги одредува министерот за земјоделие. Не знам што е страшно, што е толку лошо да има еден член од локална самоуправа, од што се плаши Министерството, дали да не дојде до надгласување, или до спротивни сугестии и мислења, подобри од оние кои што ќе ги определи министерот, не знам. Еве јас само толку сакам да кажам околу овој амандман зошто се коси со член 16 и со член 21, односно предлагате две работи кои што не одат една со друга. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам, почитувани присутни, почитуван претставник од Министерството за земјоделие, мислевме дека овој амандман ќе биде прифатен, уште повеќе што Владата имаше доблест законот за земјоделско земјиште да го пушти во две фази, како што е и редот согласно Деловникот и заради тоа сме многу задоволни како опозиција, или како претставник од СДСМ.

Меѓутоа, што се случи? Првата фаза помина, ги кажувавме критички со најдобри намери нашите замерки и предлози да се подобри законот, но во втората фаза повторно добиваме токму исти предлози, како во првата фаза. Една од нашите замрки, еден од нашите предлози, или една од замерките на СДСМ во првата фаза беше токму овој член. Токму членот 21 во кој се предвидува да се формира комисија во Министерството за земјоделие која ќе ги спроведува поединечните огласи. И во членот 21 е напишано дека постапката за давање на земјоделското земјиште во државна сопственост во закуп, ја спроведува Комисијата од пет члена, формирана од министерот во која има најмалку еден претставник од зруженијата од областа на земјодлството. Каква иронија? Нема претставник од локална самоуправа, а има претставник еден од здруженијата од областа на земјоделството, здруженија какви во Република Македонија има илјадници здруженија за кои не е цитирано токму од кој тип на здруженија.

Значи, добро е што сега со закон е формирана Комисијата. Но, ако нема еден член од локалната самоуправа кој ќе си го бира советот, ништо не сме направиле. Секоја непрецизност повторно ќе биде претворена во оружје за песметка меѓу политичките партии.

Мислев дека согласно нашето укажување прецизно ќе утврдите кој од кои здруженија. Но, пвторно иста формулација, повторно неутврдено.

Знам дека во законот за локална самоуправа нема надлежност во поглед на земјоделието. Но исто така сите знаеме дека локална самоуправа е задолжена за локален економски развој. И како, ако локалната самоуправа е задолжена за локален економски развој, и ако во дел од тие општини рурални 80 или 90% од населението кое живее таму се занимава со земјоделие, немате ниту еден аргумент зошто во Комисијата треба да нема член од локалната самоуправа, ако се има предвид дека човек кој живее таму најдобро ги знае потребите и состојбите со земјоделците околу закупот на земјоделското земјиште.

Да ви кажам и еден пример. Пример кој што се случува деновиве во една таква рурална општина, во општина Карбинци. Имаше оглас, имаше тендер за закуп на земјоделско земјиште и

знаете ли што се случи? Сеуште ниту Комисија е формирана, сеуште пликовите на понудувачите стојат во подрачната единица за земјоделие во Штип, а реално се знае кои партиски фирми ќе го добијат земјиштето, бидејќи нивната механизација веќе на големо ги ора површините кои се дадени на тендерот. После интервенциите на учесниците во обласа во тендерот кажувавте оваа недела ќе се решава, ќе биде формирана комисија. Последното ветување ви беше дека минатата недела ќе се решаваат, но повторно ништо. Чекате веројатно како минатата година, времето да ги прегази земјоделците, да не успеат ниту да изораат, ниту да посеат, а да насилници, узурпатори партиски фирми како што кажав, го земаат земјиштето. Токму зарди таа комисија, почитуван претседателе, ако ме следите внимателно, тоа е Комисијата која ќе ја врши поделбата на земјоделското земјиште и за која интервенираме и бараме да има еден член од локалната самоуправа. Еден член кој ќе го бира советот на локална самоуправа  и кој нема да биде партиски челник или партиски припадник, туку ќе биде човек кој добро го познава земјоделието кој би можел најдобро да каже и да си сугерира кои земјоделци се и на кого треба да се подели земјиштето. Да не ни се случува приказната како во Свети Николе со Видослав Трајковски човекот, член и активист во ВМРО ДПМНЕ на кого му барале во Подрачната единица 500 евра да го воведат во владение. Пример кој одеше во сите национални телевизии и кој кажуваше како се работи во Министерството за земјоделие. Најдобро намерно го поднесовме овој амандман. Инаку СДСМ знаете дека се изјаснивме дека го поддржуваме и ќе го поддржиме овој закон, заради тоа што императив наш е јак аграр и богат земјоделец, меѓутоа, сепак, цениме дека одредени наши добронамерни предлози и сугестии требаше да прифатите. Требаше да прифатите за да утре да не настане повторно пресметка меѓу земјоделците, да не го претворите овој член од Законот и овој закон како поради неговата непрецизност како  можност за оружје и пресметка меѓу земјоделците. Да не дојде повторно до блокирање на патиштата, да не дојде повторно до земјоделска механизација да ги попречува патиштата, пред општини итн. Мислевме дека во овој совет и цениме дека присутното мнозинство, посебно пратениците од ВМРО ДПМНЕ ќе го поддржат овој наш амандман, иако Владата се изјасни негативно, бидејќи навистина е логично и реално ако бараме од локалните самоуправи и ако им даваме надлежности во областа на руралниот развој, во областа на земјоделието, согласно претходниот член, согласно членот 16 каде што велите дека, или се вика дека вредноста на земјоделското земјиште кое е предмет на размена ја утврдува Комисија формирана од Советот на општината, Советот на општините во Градот Скопје и Советот на градот Скопје, според пазарната вредност на подрачјето на кое што се наоѓа земјоделското земјиште. Ако понудите по однос на распишаните оглси и тендери ги спроведуваат подрачните единици во локалните самоуправи, требаше да ја прифатите оваа наша интервенција, овој наш амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Имате реплика господине Гинев, повелете вашите три минути.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе, почитуван претседателе, почитуван заменик министер, колеги и колешки пратеници,

Накратко ќе реплицирам на излагањето на почитуваната колешка Филипова која што скрена од текот на нејзиниот амандман и зборуваше за нешто што е надвор од темата на амандманот. Јас ќе се потрудам амандманот предложен од нивната пратеничка група, за кој сметам дека е неоснован, затоа што членот 21 многу добро ги регулира односите за поделба на земјоделското земјиште, т.е. формираната Комисија од минситерот од пет члена и еден член од здружението на земјоделците. Зошто го образложувам ова. Зошто е така. Не знам кој советник тие би го предложиле од локалната самоуправа, ако тој не е заинтересиран за земјоделско земјиште и не се занимава со земјоделско земјиште, тогаш каква е неговата улога во оваа комисија. Сметам дека најдобро и најпожелно е да биде член од здружението на земјоделците и во исто време да биде заинтересиран за плодоуживањето на земјиштето под закуп. Затоа сметам дека нивниот амандман е неоснован. Треба да си остане членот 21, онака како што е замислен.

Исто така, во членот 21 во последниот пасус е регулирано дека Министерот може да формира и повеќе комисии при спроведувањето на постапки во поединечни огласи за распределба на земјиштето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Верица Филипова вашата минута, повелете.

**Верица Филипова:** Очигледно колегата Гинев не го разбрал нашиот амандман. Во нашиот амандман се вели, да остане претставникот од земјоделските здруженија, плус претставник од локална самоуправа, плус тројца претставници од Министерството за земјоделие. Истото го зборувавме. Не да биде советник од локална самоуправа, туку претставникот да се бира на седница на Советот на локална самоуправа. Тоа е најлогично, бидејќи во локална самоуправа  и бидејќи луѓето кои работат на тој регион најдобро се знаат меѓу себе и се знаат кој што има и на кој што му треба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Васко Шутаров има реплика, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам  почитуван претседателе.

Јас со целосно разбирање и внимание ги слушав амандманите на колегите од опозицијата, за некои од нив имам разбирање, а со некои не можам да се согласам. Со овој предлог амандман, сметам дека опозицијата игра сепак на политичка карта. Значи, можам да ги претпоставам скриените мотиви дека зад овој предлог сепак стои одредена политика. Ќе се децентрализира одлуката, ако се деполитизира крајниот резултат.

Значи, интенцијата на овој член од Законот е да биде член во Комисијата некој од непосредните производители. Здружението на земјоделците сепак се поблиску до земјоделците, отколку било која бирократска фигура дали од државниот или локалниот админситративен апарат. Заради споредба, ги разгледав законите на Република Хрватска и Бугарија, каде што постои и општинска и жупаниска земјоделска земја, или областна и општинска како што е во Република Бугарија. Меѓутоа, во комисиите кои што одлучуваат по област за закуп на земјоделско земјиште, воглавно се професионалци и тоа од калибарот правник, геодет и најчесто агроном. И тука е минимализиран политичкиот момент, туку е ставен акцент на оние кои што професионалци. Значи, правник, геодет и агроном. Инаку, колешката на неколку моменти го спомна императивот на СДСМ за јак аграр и богат земјоделец. Само ќе им спомнам за еден класичен пример, за класична злоупотреба на оглас, за закуп за земјоделско земјиште од 22.07.2005 година, оглас за општина Валандово, огласен за 461 хектар земјоделско земјиште на кои што на увид се дадени 405 хектари. Значи, во самата процедура се изгубени 50 хектари кои што треба да бидат дадени под закуп. До апсурд се има случувано и овој е пример за тоа како се врши злоупотреба на земјоделско земјиште. Една фирма барала 149 хектари, добила по огласот 77 хектари, денес владее со 149 хектари, а има договор на 95 хектари. По класична злупотреба на оглас за закуп на земјоделско земјиште не знам. Или на пример, земјоделско земјиште кое што 3 пати е давано на различни купувачи, а станува збор за иста парцела. Јас ги почитувам сите императиви, но тоа во пракса не често се покажува дека е така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Верица Филипова има контра реплика, повелете.

**Верица Филипова:** Внимателно ги следам сите ваши дискусии почитуван колега. Вие за истиот пример имавте и пратеничко прашање и вашиот министер за земјоделие ви одговори што се случува. Не барајте од мене одговор, бидејќи проблематиката е премногу сериозна, бидејќи повеќе од 180 илјади семејства, или повеќе од 300 илјади жители од нашата сиромашна Македонија се занимаваат и живеат од земјоделие, така да, не смееме да внесуваме партизација, или политиканство, како што беше вашата дискусија во овој ресор. Премногу сериозен, а впрочем, Законот за земјоделско земјиште и пред неколку дена имавме Закон за земјоделство и рурален развој е Уставот во земјоделието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас. Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата да повелат да дојдат во салата зашто не очекува гласање.

Ги повкувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 21, за менување на став 2, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Перо Димшоски, повелете.

**Перо Димшоски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Овој амандман е за истиот член и не се прифаќа од страна на Владата од истото образложение.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Значи се работи за мојот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Да за член 21 став 2.

**Лилјана Поповска:** Исто така сметам како и колегите од претходниот амандман дека би било добро во таа Комисија да бидат вклучени, покрај претставник од локалните здруженија од областа на земјоделството, и еден претставник од локалната самоуправа, сметајки дека на тој начин ќе се намали можноста за злоупотреба од страна на некои апликанти или на оние што решаваат, затоа што кога има човек од локално ниво ќе ги знае повеќе работите. Но со оглед на тоа што гледам дека ставот на Владата е ваков каков што е, во тој случај веќе се изјаснивме по претходниот амандман, јас за претходниот амандман гласав за, тој не помина, јас го повлекувам овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 2 алинеја 2, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Овој амандман се прифаќа и цениме дека може да придонесе за подобрување на Предлог законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата го прифаќа овој амандман, според тоа текстот на амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овој амандман не се прифаќа. Конкретно се однесува на почетната цена на земјоделското земјиште. Предмет на законот е специфично одредување на земјоделско земјиште и ние ценевме дека со овој закон не треба да се даде право на министерот да одлучува за почетната цена, а тоа е обработено во текстот на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитуван заменик министер, овој амандман го предложив со цел да се овозможи утврдување на почетната цена за сите различни култури од членот 18 на овој закон, а не само за пченицата која на пазарот има најниска цена. Во тој контекст беше предложен амандманот, сметав дека ќе биде добро да се има еднаков третман на различните култури. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Се извинувам, дали го повлекувате амандманот?

**Лилјана Поповска:** Не.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам.

Почитуван претседателе, ќе бидам многу краток, за да ја демантирам колешката. Добро е што има поднесено амандман, но колешке, во случајот со овој амандман потполно го подржувам заменик министерот, а вас не ве подржувам. Од кои причини? Затоа што ние цело време или со сите амандмани се бориме против ексклузивното право одлуките да ги донесува министерот, додека вие со овој амандман барате спротивно на тоа што се бориме ние се да биде во рацете на министерот. Вие со овој амандман и тоа што го нема во член 23, вие му го давате ова дискреционо право пак на министерот. Сакам да бидам краток, сакам да кажам дека не треба да се поднесуваат такви амандмани, во законот кога не се дадени дискреционите права на Министерството, вие со овој амандман и тоа сакате да му го дадете. Амандманот не е во ред, нема да го пдоржам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Сосема накратко би сакал и јас да го изложам својот став. И јас не се согласувам со предложениот амандман поради тоа што навистина пченицата е најниско платена култура во Република Македонија, меѓутоа, со членот 23 од законот се регулира почетната цена за закуп на земјоделското земјиште во Република Македонија и би сакал да потсетам дека во тендерската постапка е предвидена намената на земјоделското земјиште, а секој земјоделец кој што ќе сака да добие земјоделско земјиште на користење ќе биде должен да достави бизнис план до Комисијата која што е задолжена да ја распредели земјата во Република Македонија, што значи дека самиот пазар, самата конкуренција ако има услови ќе овозможи повисока цена на закупот. Она што претставува моментално состојба во Република Македонија сметам дека е опфатена со овој член 23 и сметам дека не е потребно дополнително изменување на овој член на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, а службите ги молам да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата се присутни доволен број пратеници).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 4, воздржано нема, против гласале 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 24 ставови 1 и 4 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Амандманот 4 кој се однесува на финансирање на странски лица исто така не се прифаќа со образложение дека ние не правиме разлика меѓу домашни и странски лица, правото на учество на огласот е поспецифично уредено во членот 24 и до колку имаат регистрирано фирма, тие можат

да учествуваат на овие огласи. Ова е еден од начините на кои се работи во другите земји членки на Европската унија и една од желбите со која оваа Влада, нормално и другите влади, сакаат да привлечат странски инвестиции. Но тоа е на страна од сето ова. Принципиелно не правиме разлика за изворот на капиталот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас всушност се согласувам дека треба да имаат еднаков третман субјектите со тоа што мислам дека амандманот го поднесов затоа што не сум сигурна дали во законот е сосема јасно прецизирано дека треба институциите да бидат овластени од државата, да имаат лиценца и регистрација во државата. Во моментот впечатокот ми беше дека тоа не е сосема јасно кажано.

Со оглед на тоа дека постои вакво образложение, јас го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

И овој амандман е повлечен.

Отворма претрес по амандманот за менување на член 29, поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Амандманот на член 29 се однесува на постапката при доделување на земјиштето и овој амандман Владата не го прифаќа, но со тој член сакавме да ја забрзаме постапката на доделување на земјоделското земјиште за да немаме ситуација слична на оваа во која се наоѓаме сега, кога поради неефикасност на постапката со години може да се влече неразјаснетост кој има владение на државното земјиште. Со овој закон тоа се менува и сметам дека тоа е една од подобрите карактеристики на предложениот закон токму во овој член. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот што го предлагам гласи: “Понудувачот кој не е задоволен од извршениот избор по јавниот оглас има право на жалба до второстепената комисија на Владата на Република Македонија од областа на земјоделството. До колку понудувачот не е задоволен од одлуката на комисијата од став 1 на овој член, може да покрене постапка пред надлежниот суд”.

Амандманот го предложив бидејки ценам дека на предложениот начин се заштитува уставното право на двостепеност во постапката. Но до колку Владата цени дека со директно одење на суд ќе обезбеди побрза постапка, а точно е, сосема се согласувам со констатациите на заменикот министер дека навистина постапките неоправдано се влечат,дури често пати се злоупотребуваат, некаде свесно, некаде несвесно и повеќе од потребно е да се забрзаат за да можат реформите да одат напред. Јас го почитувам тоа што значи еден нов приод во таа смисла во земјоделството, тоа е работа на политички концепт, тоа е работа на политичка одлука и кога е таква јас ја почитувам. Со оглед на тоа што Законодавно-правната комисија и Владата дала пас за овој закон, ја почитувам таа политичка одлука на Владата, ја почитувам, ја подржувам и го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 33, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Оливер Спасовски, Тале Герамитчиоски и Благородна Цветковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Перо Димшоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, внимателно беше разгледан овој предлог, знаете дека се дискутираше и во комисиите. Ние во Министерството сериозно го разгледувавме предлогот, но мислењето на Владата е да ен се прифати амандманот, со оглед на фактот што ова навлегува во Законот за буџетирање и законите за децентрализација на локалната самоуправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Јас мислам дека образложението на заменик минситерот не беше најискрено дека Владата сосема сериозно го има разгледано овој амандман. Мое мислење е дека го нема разгледано, затоа што ако сериозно го има разгледано и ако сака да придонесе за поуспешна децентрализација и за опстојување на локалната самоуправа, требаше овој амандман да биде прифатен, бидјеки со амандманот кој што го поднесовме не бараме од вкупната сума што ќе биде одредена или што треба да биде наплатена од страна на откупувачите, не бараме 30%, 40%, 50% и т.н. или обратно, 60% за локалната

самоуправа, а 40% во Буџетот на Република Македонија, туку баравме само 10%.

Почитуван министер, мислам дека вие сега не можете одлуката да ја смените, и министерот да беше овде мислам дека не ќе можеше, но кога барате нешто од општината, јас ќе се навратам на оној член со кој барате општинската комисија за земјоделство да ја утврди пазарната цена на земјоделското земјиште која се дава под закуп, значи пак барате нешто од општината од локалната самоуправа, а не сакате ништо да добијат од оваа сума, иако знам дека оваа сума нема да биде којзнае колку голема но сепак 10% е една минимална сума која бараме да легне на сметката на локалната самоуправа, барем да се раздолжите вие како централа за она што минимум го барате од локалната самоуправа. Затоа треба да се даде минимум на локалната самоуправа барем за услугите кои што ќе се извршат од нивна страна. Но барем да знаеме во иднина кога 10% не може да добие локалната самоуправа, да се има предвид со некој следен амандман кога нешто ќе бараме да дојде на локалната самоуправа, да се разграничат односно да се разделат средствата од централната на локалната самоуправа да го спуштиме нивото под 10%, на 5%, можеби тогаш уште посериозно ќе го разгледате амандманот и ќе го прифатите, односно ќе ослободите еден дел од средствата да одат за локалната самоуправа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседател.

Со оглед на тоа што станува збор за еден системски закон кој што носи многу структурни промени во областа на земјишната политика и следејќи ги тенденциите кои што се случуваат во земјите кои се веќе во Европската унија или се на патот поблиску до Европската унија, ќе ви кажам пример како се решава овој проблем, а да не се случи техничко трансферирање на средства од државниот на локалниот буџет. Пак Ќе нагласам, пример на земји кои се веќе во Европската унија. Кога се дава земја под закуп меѓу правните субјекти, се поставуваат услови за бонитет, солвентност и приоритет. Еден од приоритетите за некој правен субјект да добие земјиште под закуп во одделна локална самоуправа, област или регион е да има регистрирано фирма со седиште во таа област. Локалната самоуправа во тој случај би имала бенефити од тоа што локалната самоуправа во тој случај би имала бенефити од тоа што правниот субјект би имал земјиште во таа општина, бенефити меѓу другото и од буџетските стапки.

На една од трибините посветени на овој закон бев ја спомнал оваа можност, значи меѓу приоритетите за правните субјекти кои што би добиле земјиште под закуп, да биде и местото каде што е фирмата основана или со седиште во локалната самоуправа, да има некаков приоритет при добивањето на закупот во трајно владение или во времено владение. На тој начин сметам дека многу поедноставно и попрактично локалната самоуправа би дошла до одредени бенифити од тоа што би имала да кажеме правни субјекти кои што би биле регистрирани баш во таа локална средина.

Знаејќи дека овој системски закон ќе претрпи одредени измени, можам да ги претпоставам во кој правец, ќе инсистираме можеби заедно како вас од делот од опозицијата некои од овие слабости што сега ги чувствуваме во овој закон, да бидат тогаш променети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Заменикот министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство се јави за збор, а господине Киров, вие имате контра реплика, ќе ве слушнеме после.

**Перо Димшоски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Повторно би кажал дека навистина овој амандман беше предмет на сериозно разгледување и дискусија, исто и на Комисијата на Собранието, меѓутоа, повторно би посочил дека ние во Министерството имаме разбирање за предлогот, но ова се решава со Законот за буџетирање и законите за децентрализација и процесите кои се во тек. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете со вашата контра реплика господине Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Оваа минута ќе ја искористам само за да се обратам до колегата Шутаров, но исто така и до министерот.

Она што го бараме ние со овој амандман колегата Шутаров го поддржува и му благодарам. Се надевам дека во некоја идна фаза со дополнување на овој закон ќе го земеме тоа предвид, заедно ќе поднесеме амандман и ќе бараме да се реши, а сега ќе видиме дали ќе бидат 10%, 20%, не е битно. Му благодарам на колегата Шутаров што ме подржува во мојата иницијатива, во нашата иницијатива за овој амандман.

Колега Шутаров, субјектите што треба да земат земја под закуп, според мене 60-70% ќе бидат од територијата односно општината од која доаѓаат. На министерот во друга прилика ќе му одговорам,сега нема време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика побара господин Илија Димовски, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас Ќе се обидам кратко во насока на побрза и поконструктивна дискусија. Основната поента на овој амандман кој што е предложен не е во насока за заштита на интересите на земјоделците, туку е

за заштита на интересите на локалната самоуправа во која се наоѓа земјоделското земјиште и сметам дека може да се разгледува оваа тема, меѓутоа, не во овој закон. Секогаш тука сме давале подршка на процесите на децентрализацијата и воопшто не сме ги довеле во прашање тие процеси. Напротив, Владата на Република Македонија и парламентарното мнозинство секогаш се обидува да најде начин да и помогне на локалната самоуправа во Република Македонија со овозможување на посилна и посамостојна финансиска позиција.

Зошто го велам ова дека не може со овој закон да се регулира?

Прво, земјоделското земјиште е во државна сопственост и треба да размислиме тука дали може на овој начин да се регулира ова што го бара опозицијата.

Второ, финанисирањето на единиците на локалната самоуправа е прашање од поголемо фискално значење заради тоа што единиците на локалната самоуправа се финансираат, јас еднаш ви ги набројував од 18, или 19 извори и секое поместување нагоре, или надолу може драстично да влијае во финансирањето на единиците на локалната самоуправа. И сметам дека само преку еден амандман ќе биде тешко ние да проектираме што би значело тоа и кои фискални импликации би ги имало. И на крајот на краиштата, ако овозможиме единиците на локалната самоуправа да добиваат 10% евентуално според овој амандман по основ на закуп на земјоделско земјиште, треба да размислиме дали и да ги задолжиме со одредени обврски кои што би ги имале тие спрема граѓаните на Република Македонија кои што се занимаваат со земјоделство, што не е предвидено со овој амандман. Значи, идеата е вредна за размислување, меѓутоа мислам дека не е доработена и треба да се преврие оваа идеа што ја има колегата Ацо Киров во амандманот. И на крајот на краиштата се уште Владата е единствен субјект која што доделува субвенции за земјоделското земјиште. Јас би сакал да го поздравам тоа што за оваа година и за наредните три години Владата предвидува драстично зголемување на субвенциите за земјоделието што ќе значи на крајот на краиштата и потреба од поголеми прибирања на Буџетот за да можат тие средства да се трансферираат. Од тој аспект, да заклучам, идејата не е лоша. Меѓутоа, мислам дека не е довриена и не е темелно разработено.

**Љубиша Георгиевски:** Контрареплика господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Колега Димовски, значи во дел од мојата дискусија, или на еден начин ме подржувате, но кажете дека не е дојдено времето во кое што треба да се донесе овој закон. Ние ќе почекаме. Од оваа сфера имаме и други закони, подзаконски акти, а исто така, тоа што велите дека не би требало овој амандман да се поднесе сега. Ние имавме поднесено амандман кога се расправавме за локалната самоуправа, но тогаш не беше прифатен. И сега ни останува да мораме по овие предлог закони да бараме дел од овие средства да остануваат во локалната самоуправа. Инаку, за оние кои што ги даваат средствата, парите за закупот, мислам дека воопшто не ги интересира дали ќе легнат на локалната самоуправа, или во Буџетот на Република Македонија. Мислам дека повеќе би сакале да бидат на буџетот на локалната самоуправа.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани пратеници,

Со амандманот на членот 33 кој вели дека приход од закупнината, средствата од закупнината се приход на Буџетот на Република Македонија. Предлагаме еден симболичен мал дел односно членот 33 се менува и гласи: средствата од закупнината во висина од 90% се приход на Буџетот на Република Македонија, а 10%, значи само 10% на буџетот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа земјиштето што е предмет на закуп.

И сега, по изјаснувањето од претставаникот на Владата односно од заменик министерот, тие не прифаќаат ниту 10% од закупнината на земјоделското земјиште да се даде, односно да се врати на буџетот на локалната самоуправа. Што имаме? Имаме локални самоуправи на кои им товараме само обврски, само надлежности, а никако не променуваме ништо во изворите на финансирање, или во нивните приходи. Уште повеќе од дискусиите на колегите од позицијата кои се јавија по овој амандман гледаме дека тие најмалку најблаго речено се согласуваат со амандманот. Уште повеќе денес носиме Предлог закон за земјоделско земјиште, а колегата од позицијата кој се јави за дискусија и кој имаше морам да кажам многу конструктивен предлог, како што било во Хрватска најголем дел локалната самоуправа да дава земјиште под закуп иако правниот субјект бил регистриран на територијата на локалната самоуправа закупнината да оди на локалната самоуправа што е логично, предлагате да биде предмет на измени и дополнувања на овој закон. Каква иронија? Ние денес го носиме законот, денеска сте требале да предложите по овој закон таков амандман да стане составен дел на законот, а не да се вадите дека знаете како треба, дека треба дел од средствата да одат во локалната самоуправа, или сите средства дека треба земјиштето, дел од земјоделското земјиште како што било во жупаниите во Хрватска да го даваат локалните самоуправи. Меѓутоа, ајде сега ќе замижеме уште овој пат да помине вака овој член и овој закон, а натаму ќе правиме измени и дополнувања. Па денес го носиме законот, дајте бидете сериозна позиција, бидете сериозни пратеници. Функцијата пратеник е многу одговорна. Зошто не го поднесовте во овој денешниот закон вашиот

конструктивен и паметен предлог па да им помогневме и на земјоделците, бидејќи ќе имаше поправен и потранспарентна поделба на земјоделското земјиште ако тоа го вршеа општините. И дајте приходот, ако фирмата е реално регистрирана во општината, да оди таму. Значи предлагате 100% од приходот на земјоделските фирми регистрирани во општините, во жупаниите, или како сакате. Меѓутоа, денес во овој Предлог закон ќе прифатиме тоа што го вели Владата, затоа што ние сме иста партија со Владата. Колеги, не оди така. Мора да бидеме свесни и искрени посебно спрема најсиромашниот дел од нашите гласачи од македонскиот народ, тоа се земјоделците. И дајте да им помогнеме на тие луѓе. Како што вели амандманот, дајте барем симболично 10% да оди за локалната самоуправа. Не прифативте да има член од локалната самоуправа во комисиите за распределба на земјиштето. Гледам дека сте го подржувале овој наш предлог, меѓутоа Владата сака да има капа над се. Уште повеќе веројатно поради тоа што цените дека најголем дел од градоначалниците се од СДСМ, па ќе имало политизирање. А вака, дајте сегашната власт да контролира се. Како што кажав на земјоделието не му треба политика и политиканство. На земјоделието му треба чесна, искрена, посветена и добронамерна работа, посебно од вас во Министерството за земјоделие, посебно овој период кога програмите ни тропаат на врата, посебно кога овие закони, овој закон кој е на дневен ред денес се донесува. И требаше барем 10% од закупнината да оди во локалната самоуправа и требаше член во Комисијата за распределба на земјиштето да имаше од локалната самоуправа за да помогнеме на нашите земјоделци, за да не ни се случуваат состојбите како во Штипско, Свети Николско, Струмичко, Кривогаштани, каде земјодлеците ги поделивме на наши и ваши, за да не ни се случува во Свети Николско да поделиме земја за плодоуживање, а ниту една од клаузулите во договорот не исполниме, да не се случува како што направи оваа Влада на најсиромашните земјоделци кои ја добија земјата на плодоуживање не им бидат исплатени 24 илјади денари ветени во договорот за минатата година, да не им бидат исплатени придонесите за пензиско и здравствено осигурување, а ветуваме дека многу сме се грижеле за земјоделците. Тоа ветуваме, значи Министерството за земјоделие и сегашната Влада. Всушност и во вашата портокалова програма запишавте дека ќе извршите нова праведна и транспарентна распределба на државното земјоделско земјиште, рок март 2007 што е фатаморгана, што не е направено и што всушност го правите исклучиво по партиски клуч. Значи, да се вратам повторно на амандманот. Ценам дека треба да се прифати од страна на пратениците, ценам посебно колегите кои во своите дискусии индиректно подржаа вакво решение, ќе гласаат, меѓутоа ги нема во салата, ќе гласаат за овој амандман. Убедена сум дека нема да помине. Наше е да кажеме што е исправно и како треба да биде, а одговорностите ги сноси всушност Владата и оној кој ја има власта. Одговорноста за продажбата на ТЕЦ Неготино, една дигресија претседателе, ја сноси сигурно не опозицијата, туку ја сноси Владата и позицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманто го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги повикувам службите да доставаат точен број на присутни пратници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ве повикувам да гласаме.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се потрудам во кратко црти да ги изнесам нашите ставови, односно нашите забелешки и да кажам нешто за тоа што е добро, а што не е добро во овој закон. Тоа е еден закон за земјоделско земјиште кој што имаше доста негативности во изминатиот период. Но, сега дали ќе има подобрување или нема да има, тоа не можам да го потврдам, ниту пак можам да го знам, бидејќи ние кажавме и во првата фаза кога беше дека овој закон сега што е предложен со исклучиво мали промени, или 80% е ист со претходнот закон. Но, сепак има некои измени кои што водат кон подобрување на законот. Но, дали тоа ќе се оствари на теренот ќе остане времето да каже. Сега јас во кратки црти ќе кажам за што се работи. Значи, една од забелешките кои што ги имавме во првата фаза беше за Катастарот кој што сега ќе дава мислења, односно податоци за земјиштето, а кое што ќе оди преку Министерството за земјоделие. Ставот наш беше дека треба посебна институција, посебен институционален систем кој што ќе се грижи за ова земјиште кое што нема да биде зависно од Министерството за земјоделие, а ќе соработува со Министерството за земјоделие и подобро ќе ги следи работите, или случувањата за издавање на земјиште под закуп.

За член 15 можам да кажам само пофални зборови. Добро е изработен како што е даден текстот. Се работи за продажбата на земјиштето,

како следува, кој треба да го земе при окрупнување на земјиштето, заедничкиот сопственик, сопственикот и соседите, итн, со давање на цена која што ќе биде прифатлива за тој кој што го дава земјиштето.

За државно земјиште кое што треба да се разменува со приватно. Овде не знам колку ќе може да се заштити државното земјиште од размената со приватно земјиште од причини што може да дојде до, барем јас така мислам, до одредни манипулации меѓу приватните земјоделци и државното земјиште кое треба да се разменува за остварување на одредени интереси, или за размена на одредено земјиште од прва, втора, трета, четврта класа, за тоа што зборуваше колегата Шутаров. Затоа, не знам колку ќе биде ефикасно и колку ќе биде заштитено државното земјиште. Но, се надевам дека оние кои што треба на крајот за тоа ќе кажам, да ја водат контролата односно земјоделскиот инспекторат ќе си ја обавува функцијата така како што треба, а не како што ја обавуваше во минатите 17, 18 години, дури и пред тоа кога бевме заедница во Југославија. Значи, работата до ден денес не е добра, не си ја обавуваше работата така како што треба. Бидејќи останува некој кој што треба да ги надгледува тие процеси на земјиштето под закуп останува истиот фактор кој што досега не си ја обавуваше работата како што треба. Иако овде не дадовме амандман, сепак нашите залагања во првата фаза беа и овде да се одреди да се формира посебно одделение, посебна институција која што ќе води евиденција околу понатамошното издавање на земјиште. Исто така овде следува онаа фаза за одржување на земјиштето, за пренамена, за неоштетување, не фрлање ѓубре по земјиштето итн. Значи, таа Комисија, овој сектор ќе видиме дали ќе си ја обави работата иако кажав и кажувавме дека во досегашната практика не си ја обавуваше работата.

Но, се надевам дека сега ќе има некои построги критериуми и тоа ќе биде така како што пропишува законот.

За чен 21, би сакал да кажам дека токму зборувавме, не би сакал да одземам многу време, зборувавме за овој член каде што беше Комисијата, во која што баравме да има член од локалната самоуправа, но овој амандман не беше прифатен и не би сакал да губам време, односно да ве задржувам, да зборувам за овој амандман.

Би сакал нешто да кажам околу јавниот оглас, што е даден во членот 22, во кој што се вели дека јавниот оглас се дава најмалку во три весници и тн. и тн.

Во членот е јасно дефинирано на кој начин оди јавниот оглас, иако не е овде министерот, но да беше овде ќе не слушнеше. Сепак, се надевам дека ќе слушне и ќе му биде пренесено дека тој, во една ситуација, кога бевме минатиот пат на Комисијата за земјоделство, иако не беше добар ден за комисија, пред околу 15 дена, тој рече дека транспарентно, во три месеци оди јавниот оглас, дека општините, односно локалната самоуправа е информирана и дека на огласните табли или на јавни видни места во општините е истакнато за земјиште што се издава под закуп, а се однесува, односно се наоѓа на територијата на општината.

Но, во самиот закон не е така како што кажа министерот. Во пракса, исто не е како што кажа министерот. Не да кажам сега министерот лаже, но зборуваше невистина дека е тоа толку транспарентно, дека се истакнува и на огласни табли во самата општина, за земјиште што се издава под закуп, а се однесува за територијата на општината.

Овде е така, како што е даден и јас така го сфаќам. Не би му верувал на министерот дека е многу потранспарентно отколку што е дадено, како што е овде во членот 22.

Понатаму, би се задржал кратко, исто така, на членот 24, кој има право на учество. Колешката имаше овде некои амандмани, еден амандман околу овој член 25. Не би зборувал за тоа дали странски лица и се согласувам со Министерството, односно со Владата, не би требало да ги исклучиме лицата кои доаѓаат од странство, компании и тн., дека можат да конкурираат на овој јавен оглас. Но, малку ми излезе нелогично дека овде, ова што се бара е само за моќни земјоделски стопанства, за моќници кои се занимаваат, се во сферата на земјоделието, за оние поситни земјоделци тешко да можат да конкурираат и да дојдат до тоа што сакаат, односно земање земја под закуп.

Во членот 25, би кажал неколку зборови околу доказот, за подмирени давачки или тоа е членот 25, став 1 под б) алинеја 2, каде што се бара доказ за подмирени јавни давачки.

Не поднесов амандман, бидејќи немавме време тогаш, но од тоа како што течеше расправата и како што ни ги прифаќа амандманите министерот за земјоделие, мислев дека нема да го прифати, но сепак јас мојот став, односно нашиот став ќе го кажам дека не се согласувам да едно физичко лице кое конкурира да има, да достави доказ за подмирени јавни давачки. Не знам како тоа самиот почитуван министер му изгледа, тоа изгледа како да одиме да бараме, со истиот проблем граѓаните се соочуваат во Република Македонија во МОБИМАК И КОСМОФОН кога сакаат да земат еден број, да мораат да ги покажат подмирените јавни давачки за 1-2-3 месеци, за платена струја, вода и тн.

Не знам зошто е ставен овој услов, оваа алинеја, бидејќи ако некој сака, прво и прво не е добро што е ставен овој услов, бидејќи ако некој сака или оној кој конкурира, тој ќе треба да земе 10 хектари или 20 или 30 хектари, не е проблем, слободно ќе ве изманипулира, со тоа што ќе оди во пошта или било каде, ќе си ги истера јавните давачки, ако треба нека чини и 200-500-1000 евра, тој ќе ги измири за да дојде до целта што сака да ја оствари. Мислам дека е непотребно што сте го ставиле овој услов, со кој што треба да се подмират јавните давачки.

Кога го читав законот, тоа ме потсеќа како да одам во МОБИМАК или КОСМОФОН да барам број, па еден од условите да добијам пост пејд број е да ми се подмирени јавните давачки.

Во члнот 27, почитуван заменик минситер, сакам, ако може после, ако сте расположени да ми дадете одговор, однсно да се вклучите во дискусијата и да ми кажете, тука е дадено дека Комисијата врши избор на најповолен понудувач врз основа на највисока понудена годишна закупнина, освен за површина на земјоделско земјиште помало од 10 хектари. Оваа комисија, за која што зборувавме и во амандманската расправа и сега, што спомнав пред малку, дава мислење за над 10 хектари.

Чисто сум радознал, по однос на што тоа што со она под 10 хектари. Ќе се согласиме сите во оваа сала дека и под 10, нека се 9, нека се 9,5 и 8 и 8,5 хектари не е мала површина, на кој начин ќе се дава земјата под закуп?

За овој амандман не би сакал да зборувам, зборувавме доста во амандманската расправа во членот за локалната самоуправа за 10-90%, тука доста зборувавме.

Во однос на членот 38, со тоа не се согласувам, каде имаме непосредна спогодба. Односно, се однесува за узурпирано земјиште каде има долгогодишни насади и со кое што земјиште министерот може слободно да склучи непосредна спогодба со друг, без јавен оглас.

Јас сум скептик и не верувам дека тоа ќе биде толку транспарентно за сите земјишта, бидејќи имаме земјиште што е узурпирано, а на кое што не на долгогодишни насади, но сепак мислам дека со овој член ќе се овозможи, односно ќе може да се направи манипулација за Министерството да склучи непосредна спогодба со одредена структура на луѓе, односно со земјодекски стопанства или со земјоделци.

Мислам дека членот не е добро дооформулиран, затоа што ќе се користи и за земјиште на кое нема долгогодишни насади. А, дури, не се согласувам и таму каде што имаме долгогодишни насади, да не оди преку непосредна спогодба. Не знам што е страшно и тоа да оди нормално, по оној член, не знам кој беше пред тоа, да оди на јавен оглас по членот 22 и тоа земјиште што е узурпирано од одредени земјоделци, стопанства и тн. Но, мислам дека овој член се користи за одредени, можеби немате намера, но некој ќе го користи за манипулација, односно издавање земјоделско земјиште директно по пат на спогодба, а не да оди на јавен оглас.

Членот 38 треба да се доформулира, иако јас кажав дека законот е добар, ова треба да се стави, но ќе оставиме за некоја идна фаза, со надополнување на овој закон да го доформулираме и тоа, бидејќи ќе се користи, јас не сакам да ги користам тие термини дека, кога некој на власт и дава на свои луѓе, без разлика дали е оваа или онаа власт, кој и да е, ќе ги користи овие манипулации, односно вакумот во овој член 38.

За членот 41, кога се дава земјиште на социјални случаи, што ги утврдува, односно кои критериуми ги дава министерот за да видиме која категорија на луѓе влегуваат во овие социјални случаи кои можат да земат земја на плодоуживање. Сега, не знам, да беше министерот или вие заменик министре ако можете да одговорите дали овие социјални случаи ќе ги влечете или ќе ги земате, така да кажам од Социјалното, па врз основа на потврда од Социјалното дека се социјални случаи и тие ќе имаат предност да добиваат таква земја, дали тоа ќе биде изборот или ќе имате некои други норми, подзаконски акти, на основа на кои ќе се дава оваа земја.

Но, овде треба да обрнеме внимание, треба да внимаваме, затоа што јас слободно можам да кажам дека не само оние кои се социјални случаи, ние знаеме какви социјални случаи имаме пријавено, имаме луѓе кои имаат, на пример, 0,5 декари, не хектари земја, каде му е сопствената куќа, а не можат да влезат во оваа категорија на социјални случаи. Тие, не да се близу, но се во ист кош со оние прави социјалци, кои земаат социјална помош или се водат таму навистина како социјален случај. Тие се многу близу до нив. Не мора баш со онаа површина од 0,5 декари, туку не е ништо ако има и 1 декар, 2 или 2,5 декари и тие се тука некаде во оваа фаза на вистински загрозени семејства кои немаат од што да егзистираат, а тие немаат право на плодоуживање.

За заштита на земјоделското земјиште нема што да кажам. Навистина е добро изработено. Останува понатаму тоа да го спроведеме така како што е дадено во овој закон. На почетокот што зборував за надзорот, за Инспекторатот, добро да си ја врши работата за да не дојде до скршнување лево или десно од овој закон. Да се спроведе тоа што е дадено со овој закон. А, за да се спроведе, оние кои не сакаат и кои скршнуваат, имаме Инспекторат кој треба да ја води оваа постапка. А, како што кажав на почетокот, овде требаше некое друго тело, одделение што ќе биде покрај оваа комисија, односно надвор од оваа комисија што ќе си ја вршеше работата стручно и професионално, точно за она што е наменета. Инспекторатот во Министерството за земјоделие ќе стави дамка, ќе остави сомнеж кај мене дали ќе ја изврши работата така како што треба, затоа што знаеме дека, не зборувам за самостојна Македониа, туку наназад и во бивша Југославија, во Југославија не си ја вршеше работата така како што треба.

Инаку, ќе го поддржам законот и СДС исто така ќе даде потполна поддршка на овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Јован Гинев за збор или за реплика?

За збор, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Денеска, на дневен ред на денешната пленарна седница во втора фаза е Законот за земјоделско земјиште, со што се регулира земјишната политика во Република Македонија. Тоа е еден комплексен, модерен закон со кој што, при неговото усвојување, ќе се приближиме до европските закони каде кон кои се стреми Република Македонија.

Во изминатите години имаше големи злоупотреби на земјоделското земјиште во државна сопственост. Злоупотребата се состоеше во узурпирање на земјата од непознати физички и правни лица и тоа на онаа земја што стана “ничија”, по распадот на големите земјоделски комбинати и земјоделски задруги.

Исто така, забележана е нетранспарентност, незаконитост на постапкта за доделување на земјоделското земјиште, како и на исполнување на договорите по закуп. Не е воден никаков надзор над исполнувањето на обврските од договорите за закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост. Затекната е состојба на непостоење на никаква евиденција, ниту регистер на склучени договори за закуп на државно земјиште, непостоење на наплата на закупнина, непостоење на постапка за наплата. Затекнати се долгогодишни насади на лозја, овошје на узурпираното земјиште, што денеска претставува еден од најголемите проблеми за новата прераспределба на земјоделското земјиште во државна сопственост на плодоуживање. Со еден збор, постоел хаос во земјишната политика во Република Македонија.

Предлогот на закон за земјоделско земјиште во целина ја уредува земјишната политика. Го регулира користењето на градежно неизградено земјиште за земјоделско производство, воведување на земјишен регистер, како и видот на сопственост на правни и физички лица.

Законот го уредува користењето, одржувањето и зголемувањето на плодноста, како и спречување на загадувањето на земјата. Јасно го дефинира начинот на давање на земјиште под закуп и висината на закупнината. го спречува уситнувањето на земјоделските парцели. Ја уредува заштитата на земјоделското земјиште од загадување, ерозија и пожари. Со него се регулира и пренамената на земјоделското земјиште, надзорот и мерките што треба да ги преземат земјоделските инспектори, како и прекршочните санкции.

Сметам дека Предлогот на закон за земјоделско земјиште е сопфатен за регулирање на земјишната политика. Затоа, јас ќе гласам да биде прифатен, но во исто време ги замолувам и останатите колеги пратеници од опозицијата да ја прифатат мојата сугестија да гласаат за овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави или за реплика госпоѓа Верица Филипова?

Госпоѓа Верица Филипова има збор, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, јас не би сакала во мојата дискусија по однос на законот за земјоделско земјиште да се повторувам со колегата Киров. Поради тоа ќе се задржам на моментите што мислам дека беа изоставени од неговата дискусија.

Ќе почнам со тоа дека СДС кажа дека ќе гласа за ваквиот закон за земјоделско земјиште. Го гледавме, го обработувавме член по член стручно, критички. Поднесовме амандмани. Ниту еден од амандманите за жал не ни беше прифатен. Меѓутоа, сега, го кажувам нашиот став дека ќе го поддржиме овој закон. Поради тоа нема потреба да не замолувате да го гласаме. Кажавме дека ќе го гласаме и ќе го поддржиме поради тоа што земјоделието беше минатото на Република Македонија, земјоделието е сегашноста на Република Македонија и земјоделието ќе биде иднината на Република Македонија.

Колку и да сакаме да развиваме софтвери, компјутери, автомобилска индустрија, реалноста, е таа. И, за жал, во Република Македонија минатиот половина век во земјоделството имаше огромни претумбации и трансформации кои се одразуваат различно во земјоделството. Сведоци сме на национализацијата на земјоделското земјиште, кој се одвиваше во годините од 1945, 1946, до 1953 и 1954 година на колективизирањето на земјоделското земјиште, потоа од 1995 година наваму на обратниот процес, процесот на денационализација на земјоделско земјиште на пропаѓање на големите земјоделски комбинати и сведоци сме на сегашната состојба кога повеќе од ¼ од земјоделското земјиште било да е приватно денационализирано, било да е сеуште државно, останува необработено. Поради тоа, земјоделската политика многу е битно како ќе се води, како ќе се имплементираат законите. Знаеме дека закони за земјоделско земјиште од секогаш постоеле. Постоеше закон и во 1945, постоеше закон и во 1998, постоеше закон и во 2002 година. Проблемот е како ќе се спроведуваат тие закони.

Јас би сакала во оваа прилика да ја пофалам дискусијата на колегата Илија Димовски во првата фаза од законот, кој кажуваше дека пример по управувањето и земјоделската политика треба да ни бидат годините на социјализмот кога имаше огромна експанзија, а можам и да го цитирам колеги, кога огромна експанзија во модернизација на земјоделството имаше во Македонија. За жал, транзициониот период доведе до ситуација до која сме денес. За жал, повтроно ќе кажам денес повеќе од ¼ од нашето земјоелско и плодно земјиште во оваа наша аграрна Македонија е необработено. Поради тоа, даваме поддршка на

законот, а уште повеќе ќе поддржиме мерки конструктивни во имплементацијата на овој закон да дојде до поголем развој на земјоелството.

Би сакала да кажам дека лично, а и како СДСМ ја поддржувам можноста и новината во овој закон за можноста да конкурираат странски правни лица кои имаат регистрирано поддружница во Република Македонија, покрај домашни, физички и правни лица, со што би се зголемил и бројот на странски инвестиции во земјоделството и би се обработиле поголеми земјоделски површини. Меѓутоа, напоменувам дека се надевав оти нема да ми се повтори продажбата на ТЕЦ Неготино кога поради криминал и нетранспарентност дојде до избор на ненајдобриот кандидат, туку на најповолниот за конкурсната комисија кога изби скандал, кој допре и до Стејт департментот и Европската банка за обнова и развој и кој благодарение на интервенцијата на СДСМ беше повлечен и беше обелоденет скандалот. Со синојќешната одлука на Владата призна дека имало криминален обид за продажба на ТЕЦ Неготино, за продажба на едно национално богатство. Повторувам, се надевав дека и во земјоделството нема да имаме таква нетранспарентна и криминална поделба на земјоделското земјиште, кое со овој член мислам дека го поддржуваме, мислам дека целта е чесна и за доброто на Република Македонија.

Уште би сакала да го истакнам и социјалниот момент, кој е опфатен во членовите 40 и 41, во кој се планира или се предвидува дел од земјоделското земјиште во државна сопственост, може во полза на одредени категории социјално необезбедени лица да се дава на плодоуживање според програма што ја донесува Владата на Република Македонија. Слично нешто постоеше и во претходниот подзаконски акт, според кои работеше претходната Влада и според кои се склучуваа договори за плодоуживање. Меѓутоа, за жал, во овие договори за плодоуживање со кои се предвидуваше 10, 15, 20 декари односно мали и површини земја да се даваат на најзагрозените лица од Република Македонија на невработените лица, на социјалните случаи, имаше огромна злоупотреба. Што се случи? Поради политизација, политиканство 70% од договорите за плодоуживање во Штипско и Кардиско беа раскинати од страна на Владата на ВМРО ДПМНЕ, и најзагрозените категории социјалните случаи и покрај тоа што дадоа средства како би учествувале на конкурсот за плодоуживање, не беа воведени во владение. Не беа воведени во владение на земјата која ја добија по конкурсот за која беа изминати, беа направени договори и на кои договори им беше изминат целиот рок за жалби и поплаки, меѓутоа, надвор од секакви правни и судски процедури и исправности не беа воведени во владение. Судските постапки кои се во тек ќе покажат дека Владата не била во право, се надевав. Хаос настана и во договорите за плодоуживање во Свети Николе, огромен хаос и покрај повеќе од 250 договори, 250 земјоделци социјални случаи кои склучија договори за плодоуживање, знаете што се случи? Имено, во Светиниколско за да се воведат во владение новите подрачни единици за земјоделство им барале или новите раководни сруктури во подрачните единици за земјоделство и катастарот, им барале по 500 евра мито да ги воведат земјоделците во владение. Впрочем, земјоделецот господинот Видослав Трајковски, член на ВМРО ДПМНЕ, јавно го кажа тоа, националните телевизии го пренесоа, меѓутоа не видовме никаква завршница, антикорупциската корупција не  реагираше, судските и полициските орани, не реагираа. Тоа се случуваше, да ве потсетам, пред само неколку месеци. Уште повеќе, се случуваа блокирања на патот Штип-Велес, кај Кадрифаково со земјоделска механизција, исто така пред неколку месеци, бидејќи овие договори за плодоуживање не беа исполнети во целост, бидејќи земјоделците не беа воведени во владение, а впрочем и до ден денес тие кои веќе ја обработуваат земјата,ги немаат добиено ветувањата односно деловите од договорот, бенефитите од нивниот договор во кој се вели дека секој земјоделец кој има добиено земја за плодоуживање, ќе добие еднократна помош од 24 иљади денари. Еднократната помош не е поделена, колку што сум запозната или на некои ваши партиски членови можеби добиле, па не кажале дека добиле. Другата клаузула од договорот дека придонесите за здравствено и пензиско осигурување ќе им ги плаќа државата, не е почитувана. Придонесите не се платени. Поради тоа, би сакала да напоменам дека колку и да е добар овој закон, колку сите и да го поддржиме, доколку во пракса не се имплементира, нема да покаже добри резултати. Ќе остане само едно парче хартија, какво што парче хартија донесовме во изминатата година ипол, какви што парчиња хартија донесовме 30 до 40, кои во пракса немаат никаква завршница, никаква имплементација.

Посебно, како СДСМ сакам да апелирам да се почитува членот 40 и 41, кој се однесува на категориите социјално необезбедени лица, на најзагрозените делови од земјоделците од нашето друштво, од нашиот систем.

Не би сакала, како што кажав на почетокот да се повторувам, жал ми е што не ги прифативте двата наши амандмани поднесени со најдобра намера, кои многу ќе ја подобреа верзијата на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, за реплика се јавија господин Шутаров Васко и Миле Пачемвски.

Господине Ѕинго, реплика или збор барате. Штом барате збор, тогаш ќе почнеме по редоследот.

Повелете со репликата господине Пачемвски, вашите  три минути.

**Миле Пачемвски:** Благодарам претседателе.

Госпоѓа Филипова, јас мојата реплика би ја поделил во два дела. Ќе почнам прво со првиот

дел дека сепак вие искажувате поддршка на овој закон, што тоа и се очекуваше од вас, бидејќи се работи за еден закон кој што ги дава темелите односно правниот устав во оваа област, во областа на земјоделството во Република Македонија, како гранка која што навистина е од витално значење во државата. Рековте во вашите забелешки дека постоеја неколку злоупотреби во поглед на тоа кога се делеа земјоделските површини во некои региони како што е Карбинци, и како што е Свети Николе. Меѓутоа, вие во вашата дискусија изјавивте дека како да оваа власт, како да оваа Влада правела некои злоупотреби и тогаш имало некои револти. Да ве потсетам дека пред две години кога се делеше земјоделското земјиште во Светиниколско имаше еден страшен хаос, имаше еден голем револт од тамошните граѓани, земјоделците, имаше присуство на полиција и навистина имаше немили настани. Се сложувам дека и вие и ние, значи и позицијата и опозицијата не сакаме во иднина да има такви немили настани, туку напротив сакаме да има еден транспрентен начин на кој би се делело ова земјоделско земјиште. Патем да кажам дека во Република Македонија има огромни површини кои што се навистина необработени, тоа се државни земјишни површини, кои што треба да бидат дадени под закуп на земјоделци на правни и физички лица и кои во иднина од тие површини би се добиле и тоа како значителни земјоделски производи.

Овој закон е многу важен за Република Македонија, заедно со законот што го донесовме завчера, законот за земјоделски и рурален развој, тоа се двата закони кои што ни даваат сериозна и основна подлога за користење на претстојните ИПА фондови односно фондови кои што се наменети од Европската унија за земјите кои што се аспиранти за членство во Европската унија. Оваа Влада сериозно работи на проблемот за да се подобри земјоделството, да се подобри животот на земјоделците, а тоа и го манифестираме со бројки и со цифри. Вие знаете дека пред една или две три години се даваше околу 5 до 6 милиони евра за земјоделството. Меѓутоа, сега знаете дека оваа година се одделени досега 27 милиони евра токму за оваа дејност. Во иднина овој процент би се зголемил. Така што мислам дека и вие, еве и ние овој закон ќе го поддржиме и се надеваме дека добро ќе се имплементира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи, се договоривте двете страни дека ќе се поддржува законот и тоа е одлично. Сега, за контра реплика се јави госпоѓа, Верица Филипова.

**Верица Филипова:** И досега имало ваков закон впрочем со исклучок на некои поединости кои ги кажавме е ист со подзаконскиот акт кој што важеше и до сега. А, дека сериозно работите не би се сложила, бидејќи го наведов веќе примерот во општина Карбинци - Штип, каде и покрај распишаниот тендер веќе подолго време не се донесува одлука по тендерот, не се отворени пликовите сеуште стојат во Штип во подрачната единица, а земјата ја обработуваат, веќе не би сакала овде да ги кажам кои се партиските фирми, за кои неофицијално се тврди дека ќе ја добијат земјата, меѓутоа иднината ќе покаже дали ќе биде токму така. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Шутаров Васко имате реплика три минути. Повелете вашите три минути.

**Васко Шутаров:** Благодарам господине претседателе.

Во моите три минути сакам како надополнување на она што го кажа почитуваната колешка Филипова да нагласам за два битни моменти кои што од прилика ги омеѓи, но сепак не ги спомна со право име или со прав термин. Европската унија нас не има во извештаите на Европските комисии и во извештаите на Стејт департментот во рамките на она што се вика оценка на земјоделската политика. Не дека не нема.

Два битни моменти поддржува Европската унија. Тоа е принципот на имот, приватниот имот има принцип на светост и во тој прилог е против загрозувањето на имотите на малите и средни земји сопственици. Тоа е главен принцип.

Втор принцип што не го поддржува е принципот на тајкунизација или создавање на големи тајфуни во земјоделството во сите пост-комунистички земји. Ако овој закон, а сметам дека е правна рамка токму во насока на заштита на првите и отфрлање на можностите за узурпација или незаконско стекување против правно на земјоделски имот, јас ќе го поддржам овој закон токму затоа што сметам дека е сериозно правна рамка за а се решат сите неправилности, кои што до сега во земјоделската политика како пракса беа практикувани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Филипова, контра реплика имате една минута.

**Верица Филипова:** Точно е дека јас во мојата дискусија ги спомнав Стејт департментот и Европската унија, меѓутоа, во насока на нерегуларноста на продажбата на ТЕЦ Неготино. Ги спомнав во насока на злоупотребата од страна на вицепремиерот Зоран Ставрески кој беше и претседател на тендерската комисија и кој изјавуваше десетици пати дека се било чисто, дека Владата ќе го потпише договорот, дека Владата го продаде ТЕЦ Неготино на Хач, а испадна дека се работело за криминал. Да, колеги, јас го зпомнав Стејт департментот и ја спомнав Европската унија, Европската банка за обнова и развој во насока на нивните реакции околу продажбата на странскиот партнер, нетранспарентноста, околу криминалот кој се случи од оваа Влада, посебно од тендерската комисија и од вицепремиерот Зоран Ставрески. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ова баш не беше во темата. За тоа треба да ви обрнам внимание, но полемика е. Сите се сложуваме во се, а сепак полемизираме. Изгледа дека тоа ни е во крвта. Повелете господине Иванов Љубисав Ѕинго, имате збор.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, колеги, јас изразувам големо задоволство што оваа област, земјоделството и законите што се носат во врска со него предизвикуваат вака голем интерес и во позицијата и во опозицијата.

Ми чини особено чест тие да не се политизираат дека постои една желба, она што рече Верица, дека земјоделството било во Македонија од големо значење и третман и ќе биде и тоа ќе биде и иднината и наша, иднината на нашите генерации.

Според тоа, понатаму што ќе ги носиме тие закони, уверен сум дека со голем респект и со големо внимание ќе настојуваме да донесеме квалитетни закони не само закони кои ќе ја уредуваат оваа област, туку еден висок третман на развој на земјоделието и за обезбедување поволни инвестициони кредити и услови кои практичноод една страна голема корист има нашето општество затоа што ќе го реши прашањето на храна, а од друга страна голем дел од населението ќе вработи во тие области и полека нашиот граѓанин земјоделец да стане стоков производител, а исто така и побогат човек.

Дека навистина тука во Парламентот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Владата во тој поглед вложија големи напори за краток временски период да се направи пресвртница во донесувањето на нормативните акти, зборува изјавата на претставникот на Европската унија пред неколку дена кој само пред една година рече дека Република Македонија во овој регион тотално заостанува во изградба на регулативата во областа на земјоделието. Сега пред само една недела кажа дека е тотално изненаден од резултатите кои се постигнати во оваа област, особено во нормативната регулатива. Го пофали Парламентот, Владата, Министерството за земјоделие и т.н.

Четврто што сакам посебно да го потенцирам, што досегашните влади практично не се определија за продажба на земјоделското земјиште, туку се определија тоа да остане како национално богатство кое практично би се доделувало под концесии или со ваквите регулативи би се разрешувале сите прашања, процеси во едно успешно стопанисување и давање на соодветно производство.

Земјоделието е област во кое практично нема крај во производството. Тоа не е како минералното благо да се извади рудата било да е олово, цинк, злато, сребро, бакар и т.н., па повеќе ја нема затоа што таа не се создава повторно, не се раѓа, а земјата непрекинато ги дава плодовите ако ја обработувате, ако има вода, ако има сонце и ако ја сочувате од ерозија и други штетни хемиски процеси и т.н.

Тоа е голем извор за секоја држава и голема надеж и перспектива. Ние така треба да го гледаме како луѓе, како граѓани, еве и како Парламент и пратеници тоа богатство, тоа нешто го држиме успешно во раце и со ред мерки да го поттикнуваме затоа што се обезбедува најпотребната работа на човекот. Човекот може без многу работи, но не може без храна. Држава што нема храна таа држава не може да зборува за свој суверенитет и независност. Таа секогаш ќе биде зависна од оној што има храна особено во кризните реони. Гледаме како многу земји, нешто ќе повторам од тоа што сум го зборувал за овие 15 години. Прва задача им е да обезбедат храна. Денеска економски гиганти кои живеат во постиндустриско време првата револуција ја направија во земјоделието и денеска практично се главните производители на храна во светот. Од Америка, па да завршиме со Тајван и т.н.

Според тоа таква политика за каква се определи оваа држава да го сочува земјиштето, да го сочува и од хемиско разградување со заштита и т.н., мислам дека е за поздравување и ние треба таквата политика да ја продолжиме понатаму.

Посебно ми остава впечаток дека ова Министерство и Владата се определија земјата и земјоделието да игра и социјална политика. Значи, земјата на земјоделците. Не земјата да се доделува на луѓе кои ќе прават профит и уцени на општеството како што имавме еден период каде на поединци им се доделуваа по две до двеипол илјади хектари земја, тоа веќе не е во функција на решавање на тој социјален дел, но не е ни во функција на некое високо рентабилно производство. Тоа е во функција на профитерство и како такво е неодрживо особено во наши услови.

Јас се залагам да настојуваме секој да има пристап и можност кој се бави со земјоделие, без оглед на која идеологија припаѓа, вера, раса, партија и т.н., да мора подеднакво да се гледа и да им се овозможува на тие луѓе да имаат еден живот и стандард. Тука Министерството во тој поглед мора да направи големи напори и да се ослободи од теснопартиски интереси. Само така во таа област ќе постигнеме значајни резултати. Допрва треба да одиграме значајна улога во правец на стимулативните средства за развој на земјоделието, во правец на обезбедување на евтини средства за инвестирање, средства со грејс период, со ниски камати, со подолг рок на враќање.

Пред Владата допрва стојат огромни задачи и допрва стојат огромни проблеми кои мора да ги решава.

Сакам да укажам, за некои можеби ќе биде големо изненадување, меѓутоа, нека размислуваат после ова што ќе го кажам. Ние мораме дебело да размислиме дали нашата земја треба да ја ориентираме во производство на суровини за дизел горива. Тоа навидум веднаш предизвикува кај луѓето, па што значи тоа? Тоа е добро да се произведува дизел гориво, има еколошки карактер, се намалува зависноста од увоз на нафта и нафтени деривати. Тоа на прв поглед така изгледа, меѓутоа, ако подлабоко се навлезе дека за таквото производство е потребна пченка, пченица, сончоглед, шекерните растенија и т.н., ако брзо се ориентираме во тој правец можеме да останеме без нужните продукти кои треба да ни обезбедат храна во потесен и во поширок круг. Проблемот со земјата станува многу значаен во светот. Сакам и за тоа да кажам затоа што непрекинато ни се намалуваат површините кои се обработливи.

Само да ја довршам мислата. Ако појдеме од тоа дека заштита на човекот и околината е да обезбедиме повеќе производство на дизел горива од една страна ќе го обезбедиме, но на друга страна каде ќе го произведуваме тоа дизел гориво практично истите тие гасови ќе ги произведуваме. Другата негативна страна може да не одведе во недостаток во широк план на храна.

Во овој закон се зборува за тоа и се прават одредени ограничувања на претворањето на обработливата земја за други намени. Меѓутоа, многу малку забрани се направени за тоа.

Ако погледате во Македонија, во секој град, еве да почнеме од Скопје, Скопје се развива во правец на најплодните површини. Скопје практично за неколку десетици години ќе ги нема најплодните површини со кои располагало во свое време и тоа со една интензивна градба не само на станбени објекти, туку и на индустриски објекти. Погледајте го само просторот помеѓу Скопје и Куманово како беше извонреден простор за производство на разни земјоделски производи. Тој простор е страшно нападнат.

Владата мора сериозно да размислува да се преработат урбанистичките планови. Градовите треба да се развиваат спрема терените што значи шеста, седма класа, спрема ридско-планинските терени, а исто така и индустриските зони, како што е во светот. Гледаме во Германија постои огромен отпор во изградба на автопати. Тоа е само како причина да се зачуваат обработливите површини со кои располага државата. Не може ни едно техничко технолошко унапредување, пронајдоци, генетски решенија и т.н. да ја надокнади загубата на површините за обработка. За тоа мораме сериозно да размислиме, а да размисли и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво, да размисли Владата и пошироко во тој правец да се направат големи промени и во сваќањата на луѓето и во третманот на земјата и во ограничувањата и т.н.

Тука треба да одиграме значајна улога низ таквите решенија да оставиме на нашите поколенија едно огромно богатство.

Сакав да укажам на некои моменти со надополнување дека нема идеален закон, доста се направија напори да се прифатат доста забелешки кои беа искажани во првата фаза и дека веројатно и овој закон можеше да биде уште поквалитетен, но времето си го прави своето. Ако најдеме подобри решенија и поквалитетни решенија тој закон за една година го менуваме, пак ќе го промениме. Нека доаѓаат идеи, нека доаѓаат предлози кои значат напредок и прогрес во овој правец и да ги прифатиме сите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега нештопорано од вообичаеното давам пауза за ручек.

Пауза до 15,00 часот.

(Паузата е дадена во 13,50 часот)

(По паузата седница продолжи со работа во 15,12 часот)

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници кои сте присутни во салата.

Ова е уште еден закон кој се однесува на проблематиката за земјоделието и заедно со Законот за земјоделски и рурален развој кој го усвоивме во понеделникот, треба да биде во сила за побрз, посилен и поквалитетен развој на земјоделието, а соодветно на тоа и подобрување на условите во кои работат и живеат земјоделците во Република Македонија.

Факт е дека земјоделието во последните години, голем дел, доби третман на социјална категорија, бидејки поради затворањето на фабриките во Република Македонија, во транзицијата, голем дел од работниците немајки други услови за живот, се вратија во селата и почнаа да се занимаваат со земјоделие. Многу малку во ова време се изградија земјоделци кои нависитна можат да се пофалат дека се занимаваат со земјоделие, од него долго време живеат и заработуваат од истото, а и голем број комбинати кои егзистираа и добро работеа, во меѓувреме се растурија.

Се надевам дека согласно Законот за земјоделство и рурален развој, за брзо време ќе ја добиеме Национанлната стратегија за развој на земјоделието и ќе може да се дадат појасни правци во кои ќе се движи развојот на земјоделието во сите области. Се надевам, како што зборувавме за тој закон дека Владата ќе вложи значителни напори квалитетно да ги насочи земјоделците да можат да одговорат на барањата на законот, но тоа да биде потврдено и со соодветна финансиска помош од страна на Владата, бидејки земјоделците немаат многу финансиски средства и не можат дури да извршат една обична сеедиба, а егзистираат на ниво на

проста репродукција, значи од година за година, многу малку од нив, размислуваат и за проширување на дејноста. Причините за тоа се многу од немањето на пласман, недоволната техничка опременост на земјоделците, недоволната помош од државата, немањето стратегија за одредени култури и т.н

Што се однесува до Законот за земјоделско земјиште, сметам дека е многу важен закон. Во Република Македонија постојат огромни површини кои што стојат необработени, дел од нив веројатно сеуште државата ги нема впишано во Катастарот на земјоделското земјиште, и се надевам дека тоа брзо ќе се направи како би можело Република Македонија да ги обработува сите површини, меѓутоа и конечно да почне да произведува одредени основни земјоделски култури, за да може да ги задоволува своитр потреби, а не да увезува дури и пченица, а сакаме да кажеме дека е Македонија земјоделска земја.

Има многу работа на овој простор. Јас по однос на законот, со оглед на тоа што помина и амандманската расправа ќе се задржам само на неколку членови, се со цел да не одземам многу од времето, веројатно за земјоделието ќе дебатираме и во друга прилика кога ќе дојде Националната стратегија, Буџетот и т.н.

Значи, би сакал само да подебатирам за некои членови.

Прво, членот 15 каде што е предвидено правото на првенство при купување или продавање на земјоделско земјиште и тука стои дека право на првенство до колку некој субјект одлучи да го отуѓи земјиштето имаат неговите комшиите кои граничат со неговиот имот и дека може на два начини да ја изврши продажбата односно прво да понуди на самите соседи да имаат првенство на купување или да го даде на оглас што тие исто така треба да се јават на огласот и да го купи тој што дава највисока откупна цена. Но, во праксата се случуваат повеќе ситуации кои во законот не се предвидени. Така на пример се случува, ако сакате да продадете одредено парче земја, ако кај некој од комшиите имотот веќе е во процес на делба, или ако нема наследници, се соочувате со ситуација во која немате на кој да се обратите или кој да ви даде согласност, дали е заинтересиран или не е заинтересиран да го откупи земјиштето. Мислам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство требало и таа ситуација да ја предвиди и најмалку мнозинството од соседите, ако има повеќе кои се граничат со него да се изјаснат дали сакаат или не. Ако се бара од сите согласност, во таа ситуација може да се случи да не може од еден да се добие согласност и на некој начин да се запре продажбата на земјиштето.

Околу можноста земјата да се добива по пат на оглас, да кажам дека во минатото бевме сведоци кога се распишуваа јавни огласи за давање земја под закуп, имаше многу нејаснотии и многу нзадоволства од страна на оние кои не добија земјиште. Мислам дека главната причина за тоа беше што немаше јасни критериуми или цврсти позиции од кои Министерството ќе тргне при распределбата на земјиштето.

Сега во законот, во членот 21 е предвидено комисијата која ќе го дава земјиштето кое е во државна сопственсот, под закуп, да биде формирана од 5 члена и во неа да има најмалку еден претставник од Здужението од областа на земјоделието. Мислам дека прво е малку, а и нејасно е од кои здруженија на земјоделците. Тоа е многу општо. Добро ќе беше во законот ако беше прецизирано, од здуженијата на земјоделците во оној регион каде се врши делба на земјиштето. Значи ако делите во Светиниколско да има претставници од тие здруженија, а не да дојдат претставници од некои други здруженија. Многу е општа оваа одредба и дава можности да се постави некој претставник од Здружение на земјоделците кој што можеби не е упатен во делот каде се врши распределбата на земјиштето. Добро ќе беше оваа одредба да биде јасно прецизирана, во најмала рака да има претставник на Здружението од оној регион каде се дели земјиштето и на тој начин да има поголема контрола и претставникот да биде појасно упатен во целата проблематика околу поделбата на земјиштето.

Околу лицата, во членот 24, кои имаат право да учествуваат на огласот, исто така мислам дека е многу општо. Тука е предвидено само да биде правно лице или трговец поединец на кој земјоделското производство или преработка на примарни земјоделски производи им е претежна дејност. Претходно бевме сведоци на тоа што голем дел од фирмите се регистрираа само за да може да се учествува на огласот за распределба на земјиштето, без притоа дел од оние кои го добија земјиштето под закуп, да имаат некое искуство во преработка на земјиштето, можеби да имаат и доволно механизација, да се доволно упатени во проблематиката. Тука треба, околу потребната документација што треба да се поднесе при распределба на земјиштето да имаат и, она што се вели, некоја рефенрентна листа или листа на препораки, до колку имаат подолго искуство и дека веќе се длабоко завлезени во земјоделското производство, за да биде сигурен оној што ќе го добие земјиштето дека истото ќе го користи за она што го добил. Иако во законот се предвидени многу одредби каде секој има обврска да се придржува до договорот, сметам дека и тука може да се направат одредени подобрувања, со цел, или кога ќе се распише огласот појако да се дефинира, оние кои подолго време се занимаваат со земјоделие и кои живеат од тоа, да имаат предност при добивањето на земјиштето под закуп.

Членот 26, ставот 1, исто така, многу ми смета. Тука е предвидено дека постапка за давање на земјоделско земјиште во државна сопственсот, под закуп, може да се спроведе иако тука земал

учество и само еден понудувач. Тука сега се поставува прашањето која е смислата на давање јавен оглас, ако ви се јави еден понудувач, на кој начин со кого тој ќе лицитира.

Владата веќе направи неколку такви јавни огласи, условно кажано, тендери за давање на државно градежно земјиште, па се покажа, кога има само еден заинтересиран, сепак не може да се постигне вистински натпревар меѓу конкурентите и не може да се оствари поголема добивка за државата, околу постигнувањето на повисока цена, а од друга страна и не можете, како што се случи со земјиштето во Охрид, да бидете доволно сигурни кога давате на еден понудувач дека тој ќе се придржува кон договорот, па така ни се случи, иако беше доделено земјиште, кога имаше само еден понудувач, тие јавни огласи да се поништат. Подобро ќе беше со два распишани огласи и на третиот Владата да може со преговори да го подели земјиштето, бидејки тука е дадена и закупнината, таа е 10% од остварениот приход од таа површина што ќе биде дадена под закуп.

И на крајот околу приходите од закупнината. И во оваа ситуација Владата сите пари што ги чува за себе, мислам дека дел од средствата требаше да бидат наменети за единиците на локална самоуправа. Не знам колку пати веќе дискутиравме околу оваа проблематика и очекувавме Владата сепак да покаже разбирање и да ги зајакне единиците на локална самоуправ, финансиски, бидејки и сега со овие извори на финансирање имаат големи пробелми. Има големи неплатени сметки за превоз, за парно, за струја, за огрев во училиштата, има голем број на проекти кои не можат да се реализираат. Тоа беше една можност Владата овие средства да ги намени за општините.

Добро е што се предвидува, во членот 40, земјиште да се дава на плодоуживање, но да не се случи како минатиот пат кога на луѓето им беа дадени средства, луѓе кои беа социјални случаи, само да извршат сеидба без притоа за да можат до сеидбата да егзистираат, или на некои не им беа исплатени средства, тогаш беа по 24 илјади денари и бидејки настанаа многу проблеми се прекина со тој проект. Треба многу посериозно во овој дел да се навлезе од страна на Владата ако сака да им помогне на социјално загрозените семејства, евентуално да им создаде услови да можат постепено од земјоделството да почнат и да егзистираат, а не само да преживуваат.

Во членот 51, во времената пренамена, не може ако некој добил земјоделско земјиште и до колку има минерални суровини истото да го користи за експлатација на тие минерални суровини. Такво земјиште, прво, Владата не треба да го дава под закуп како земјоделско земјиште. Сега се случува ќе добие некој земјоделско земјишт еи ќе викне багери да откопува таму кварц или некоја друга суровина и единствена обврска е да го врати во првобитна положба земјиштето. Што значи тоа во првобитна положба? Да ги затрупа дупките што ги направил при експлоатацијата. Такво земјиште не треба да биде предмет на закуп како земјоделско земјиште нека си оди под Законот за концесии и во тој дел да се дели земјиштето. Навистина не знам што сака Владата со ваков член во законот, дали ќе ги толерира оние кои сега вршат уништување на земјоделското земјиште. Има многу области каде нашле минерални суровини, а било земјоделско земјиште и сега таму вршат експлоатација. Такво земјиште не треба да биде предмет на двање под закуп, како земјоделско земјиште. Ставете го под Законот за концесии, како минерално богатство на државата и делете го во делот на Законот за концесии, не во делот за земјоделско земјиште. Навистина оваа одредба остава простор за многу манипулации во некои делови каде под земјоделско земјиште има можност за експлоатација на минерални суровини. Значи има многу можности во делот на законот за земјоделско земјиште. До колку Владата има намера нешто да се раздвижи во земјоделието, се надевам дека во примената на овој закон нема како до сега да се води исклучително од партиски интереси и земјиштето да го дели по партискиклуч или линија и при тоа земјиште да добиваат некои кои само штоо се добри партиски активисти да го добијат, а можеби нема да го обработуваат на соодветен начин и да остваруваат добивка од истото. Во таа насока апелирам Владата или Министерството многу посовесно и поодговорно да ги распишува огласите и изборот да го врши на најтранспарентен можен начин при распределба на земјоделско земјиште.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам на гласање Предлогот на законот, би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат.

Ги повикувам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапим кон гласање.

Ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратени, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласале 61 пратеник, од кои 58 гласале за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за земјоделско земјиште.

**Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за одбрана, господинот Илјаз Халими, повелете.

**Илјаз Халими:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со неколку реченици сакав да искажам кои се причините поради кои треба да се донесе законот односно да се интервенира на дополнување и изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Со овој закон се уредуваат статусот, правата, должностите и одговорностите на лица на служба во Армијата на Република Македонија, како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата на Армијата.

Службата во Армијата ја вршат воени и цивилни лица.

Воени лица во смисла на овој закон се воени старешини, офицери и подофицери, професионални војници, војници на служење на воен рок, питомци на Воена академија, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери и воени обврзници во резервниот состав на Армијата додека се повикани да извршуваат права и должности од областа на одбраната во врска со извршување на воената обврска.

За професионален војник на служба на Армијата се прима лице кое покрај општите услови ги исполнува и следните посебни услови.

Да има завршено средно образование, да има отслужено воен рок во Армијата со оружје и да не е постар од 27 години.

Со професионалните војници на служба во Армијата Министерството за одбрана склучува договор за работа. Во зависност од покажаните резултати и потребите од соодветен однос на служба договорот за работа со професионалните војници може да се продолжи најмалку уште три пати.

Професионални војници кои на денот на влегување на сила на законот имаат склучено договор за работа во Министерството за одбрана продолжуваат со службата до истекот на договорот со можност договорот да им биде продолжен најмалку уште за три пати по три години доколку не се постари од 35 години.

Водејќи се од интересите на Република Македонија за политичко и одбранбена интеграција во НАТО, Собранието на Република Македонија на седница одржана на 26 мај 2004 година со Резолуција ја поддржа трансформацијата на одбраната на Армијата донесена од Владата на Република Македонија како документ кој ќе обезбеди завршување на започнатите процеси и документи од стратешкиот одбранбен преглед, вклучувајќи ја целоцната професионализација на Армијата.

Процесот на професионализација на Армијата е поврзан со постојана обука, стручно оспособување, учење на странски јазици со цел професионалните војници да одговараат на поставените задачи и предизвици поврзани со учеството на хуманитарни или мировни операции.

Имајќи ја во предвид професионализацијата на Армијата тенденцијата за зголемено учество на Република Македонија во хуманитарни и мировни операции во кои се вклучени и професионалните војници, согледана е потребата старосната граница до која професионалните војници можат да бидат на служба во Армијата на Република Македонија да биде продолжена до 38 години.

Со тоа се постигнува оптимално искористување односно ставање на функција на одбраната на оваа категорија на воени лица имајќи го во предвид вложувањето на Министерството за одбрана во нивната обука и едукација за извршување на воените обврски како во земјата така и во странство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Халими.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Накратко сакам да го искажам ставот на СДСМ во врска со донесувањето на измените на Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Имајќи ги предвид сите причини од кои што се водело Министерството и Владата при предлогот на овој закон, имајќи ги во предвид исполнувањата на стандардите кои што сме ги прифатиле за членство во НАТО алијансата и реформите кои што се спроведуваат во овој период, мислам дека исклучително важно е да биде направена една ваква измена со која што професионалните војници ќе можат да ги продолжуваат договорите до 38 години, што до сега не беше случај, туку до 35 години, заради сите вложувања кои што ги прави државата и воопшто Армијата во оспособување на ваквите кадри мислам дека вистинско решение е овие луѓе кои што во моментот се на служба на Армијата на Република Македонија да можат да ги продолжат нивните договори и да го даат сопствениот максимум во служењето во Армијата на Република Македонија.

Од тие причини СДСМ го поддржува и ќе гласа за овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе.

Би сакал да ве известам за заклучокот на Комисијата за одбрана и безбедност, која што на седницата на која ја разгледуваше оваа одлука и овие измени на Законот кој треба да ги донесеме ги оценивме како позитивни. Се работи за добра измена на Законот и во секој случај ја поддржуваме.

И минатата година додеа имавме комисии разговаравме за ова и имавме повеќе укажувања до Министерството за одбрана во врска со продолжувањето на рокот за професионални договори. Сега е зголемен од 35 на 38 години. Значи, благодариме за слухот кој што го имаа во Министерството за одбрана и донесуваме одлука која што е добра. Зошто? Затоа што Република Македонија вложува огромни напори, огромни средства во нашите војници, кои што се добро обучени, кои што се подготвени, кои што одат во меѓународни мисии, учат јазици, стекнуваат вештини и пред се ги ризикуваат своите животи, се занимаваат, имаат занмање кое што е вонредно ризично и во татковината и надвор од неа, така што сите тие луѓе кога ќе се вложи вонивното усовршување навистина штета е на толку рана возраст, како што се 35 години да заминат од Армијата на Република Македонија.

Измените кои што се предложени се добри и исто така во меѓувреме во областа на обуката на професионалните војници донесени се три важни документи.

- Концепт за развој на офицерскиот кор;

- Концепт за развој на подофицерскиот кор и

- Стратегија за образование и обука во областа на одбраната, со кое се воспоставува соодветен систем за образование и обука во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Значи ова е дел од ова што го имаме како сопатен пристап кон реформите во одбраната, а јас со задоволство можам да констатирам дека имаме политички консензус околу ова. Во рамките на Комисијата за одбрана и безбедност едногласно ги поминавме овие заклучоци и овие предлози на измени на Законот, така што убеден сум дека поддршката на овие измени на Законот ќе биде сепартиска. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ѓорчев.

Има збор господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Еасд Рахиќ:** Благодарам,

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, драги колеги пратеници,

Само неколку збора во насока на поддршка на овој Предлог на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Она што го кажа претседателот на Комисијата, господинот Ѓорчев е точно. Ние како Комисија разговаравме, расправавме и едногласно решивме на овој предлог да му дадеме комплетна поддршка со тоа што еден од заклучоците беШе дека и министерот за одбрана и началникот на Генералштабот ќе треба да дојдат на една од наредните седници на Комисијата за одбрана и безбедност за да реферираат што се е направено во делот на реформите во нашите армиски сили, затоа што наредната година очекуваме покана за полноправно членство во НАТО. Сметам дека прво пратениците од таа Комисија, пратениците на Собранието на Република Македонија и македонската јавност треба да бидат информирани за позитивните стапки што се прават последните неколку години во Армијата.

Меѓутоа, сакам уште една порака да упатам до господинот заменик министер преку претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност чиј член сум јас, ќе побарам да расправаме и за животните стандарди на овие војници, затоа што ако веќе им го продолжуваме векот на траење, такаречено од 35 на 38 години, луѓето во тоа време се во полната зрелост како физичка, така и интелектуална ќе дадат добри резултати сметам дека Армијата на Република Македонија со Министерството за одбрана на истите треба да им понуди одредни услови и стандарди. Затоа што НАТО не значи само права, значи и обврска, од решавање на стандардно прашање, од решавање на осигурување, од решавање на материјалните придобивки и сл.

Само за ваша информација освен двете декларирани единици кои што се во Штип и Кичево останатите војници немаат стандарди кои што одговараат на она што треба и затоа би ве замолил почитуван заменик министер на следната средба на која треба да присуствувате или вие или вашиот министер, заедно со наалникот на Генералштабот ќе не информирате до каде се дојдени одредени развојни програми во Армијата, затоа што имам сознание дека на пример од 80 милиони денари за капитални инвестиции оваа година до сега се искористени само 20 милиони, а војниците, професионалните војници имаат проблеми со сместување, имаат проблеми со опрема, имаат проблеми со исхраната. Така да мислам ако веќе Република Македонија заедно тврдиме дека наши амбасадори за наше полноправно членство во НАО е Армијата, одбраната, реформите што ги имаме, сметам дека на тие исти луѓе треба да им пружиме поддршка и како Министерство и како Собрание и како држава. Затоа и најавувам, тука е и претседателот на Комисијата дека ќе поднесам барање во рамките на работата на Комисијата, а потоа верувам и во Собранието Министерството за одбрана да поднесе извештај за се она што е направено во последните неколку години во реформите во Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Збор има господинот Стојче Крстевски, повелете.

**Стојче Крстевски:** Благодарам потпретседателе, почитувани,

Пред нас е Предлогот на Владата на Република Македонија за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Имено, со измените и дополнувањата на Законот за служба во Армијата на Република Македонија се предлага нов член 259-а чија цел е професионалните војници кои со денот на влегување во сила на овој закон имаат склучено договор за работа со Министерството за одбрана продолжуваат со службата по истекот на договорот, со можност за негово продолжување до навршување на 38-мата година.

Почитувани пратеници и јавно сакам да го поздравам гестот на Владата однсно на Министерството за одбрана што во вистински момент предлага продолжување во служба во Армијата на Република Македонија на професионалните војници за уште три години.

Лично сметам дека во овој момент оние воени лица во кои е кумулирано огромно искуство стекнувано низ обуки и едукации како во земјата, така и во странство се од исклучително значење за Армијата на Република Македонија.

Од овие причини јас го прифаќам предогот за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас господине Крстевски.

Има збор господинот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам потпретседтеле.

Почитуван заменик министер за одбрана, почитувани пратеници.

Со оглед на фактот дека станува збор за точка околу која постои полтички консензус помеѓу пратениците од различни политички опции во Република Македонија, сакам накратко да фрлам дополнително светло.

Реално сметам дека станува збор за исклучително корисни измени на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, бидејќи им се овозможува на лицата кои што имаат наполнето 35 години старост да им важат договорите односно да можат да ги продолжуваат до 38-мата година, што значи се продолжува рокот за три години.

Во оваа смисла сметам дека е исклучително значајна оваа измена, затоа што станува збор за војници кои се имаат образувано, се имаат школувано, со цел да ги исполнат стандардите, кои што Република Македонија треба да ги исполни за членство во НАТО, што претставува наш врвен, национален, односно државен интерес.

Оттаму сметам дека мандатот, односно рокот за служба на овие војници треба да се продлжи уште повеќе, затоа што Република Македонија како држава има како што реков стратешки интерес да стане што е можно побрзо членка на Северноатлантската договорна алијанса.

Во оваа смисла сакам да кажам дека не претставува никаков проблем фактот што од 35 до 38 години се продолжува можноста за продолжување на договорите на војниците, бидејќи не постои прифатлива пракса во светски рамки. Така на пример некаде оваа граница е 35 години, како што е Хрватска, а во Република Македонија годините на старост се 38, а во Република Албанија таа граница не е определена, односно професионалните војници се изедначени со другите граѓани.

Оттаму сметам дека оваа измена е исклучително поволна, Република Македонија треба да ја поддржи, бидејќи на тој начин ги задржуваме во функција војниците кои што на најдобар начин ја афирмираат Република Македонија со што ги стекнуваме предусловите за членка на Северноатлантската договорна алијанса. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасеновски.

Збор има господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседател.

Во име на парламентарната група на ДПА, овие измени кои што се предлагаат на законот за ангажман на стручните војници и пролонгирањето на нивното вклучување во договор со Армијата на Република Македонија, има три приоритетни функции, кои се во насока на зајакнување на Армијата на Република Македонија, зајакнувањето како од технички, така и од професионален аспект и второ, има голема мотивација од причина што на овој начин се даваат бенефиции на врботените во Армијата, за да биде пример и новите војници кои ќе се примаат на конкурсите кои се отворени до Нова Година и по овој период, да се подобри процентот на застапеноста на македонските заедници во Армијата на Република Македонија, посебно на албанското население во Република Македонија и трето, има една доста благородна примена, на Република Македонија како членка на НАТО, што ќе бидеме во иднина.

Во оваа насока, му честитам на заменикот министер за одбрана, денес ни го предложи овој закон, заедно со Владата на Република Македонија и во оваа насока има поддршка од Демократската партија на Албанците и верувам на целиот албански народ во Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да велзат во салата за да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За заклучокот гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи гласале само 58 пратеници, би ги замолил службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во моментот на гласање имаше само 60 пратеници, а сега во салата се присутни 62 пратеници, ве повикувам повторно да гласаме.

Од вкупно 62 пратеници гласале 60, сите 60 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучвам претресот по текстот на Предлогот на законот.

За Предлогот на закнот гласаа 60 пратеници, сите 60 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Со предлагањето на законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, Република Македонија уште еднаш ја потврдува својата определба за градење на граѓанско општество, во која сите граѓани пред Уставот и законите ќе бидат еднакво во остварувањето на нивните права по сите сегменти на животот.

Сосема ви е познато дека досегашното решение за постоењето на Комитетот за односи меѓу заедниците се засноваше на Одлука донесена од страна на Собранието на Република Македонија.

Меѓутоа, значењето на овој Комитет, неговиот состав и надлежности го одразуваат мултиетничкиот состав на Република Македонија, а значењето на прашањата што се во негово надлежност се однесуваат на сите припадници на заедниците во Република Македонија кои се утврдени и во преамбулата на Уставот на Република Македонија.

Владата на Република Македонија го предлага донесувањето на овој закон како резултат на согледувањето на состојбите во односите на припадниците на заедниците во нашата држава, како и фактот дека овој Комитет се разликува по своето значење од останатите работни тела на Собрането на Република Македонија.

Имено, Комитетот за односи меѓу заедниците основот го има во амандманот 12 на Уставот на Република Македонија, што е уште една потврда дека предлагањето на законот, наместо досегашната одлука е оправдано и потребно за Република Македонија.

Предлогот на законот што е денес на дневен ред, почитувани пратеници не е сложен и обемен. Истиот го сочинуваат вкупно 16 члена, вградени во 4 глави.

Во оваа прилика сакам да истакнам дека нема да ги образложувам поединечно членовите, како и нивната содржина, затоа што на сите нас ни е позната, која има една и единствена цел, а тоа е создавање на правна рамка, врз чија основа ќе функционира Комитетот за односи меѓу заедниците.

Начелата на законитост, владеење на правото, траснпарентност, еднаквост и одговорност, на кој е заснован овој закон, ќе биде уште една потврда дека Република Македонија ги почитува и применува сите меѓународни стандарди, кога се во прашање правата на припадниците на заедниците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Процедурално бара господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, бидејќи овој закон што го имаме денеска е дел од договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, да видиме како тоа заменик министерот го образложуваше.

Барам половина час пауза да го добиеме стенограмот од неговото излагање. Бидејќи беше кратко, мислам дека половина час ќе биде доволно.

**Бесим Догани:** Ако не стигнеме за половина час, за 40-тина минути би требало да биде готов стенограмот.

(Пауза до 16,35 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,55 часот)

**Бесим Догани**: Ги молам пратениците да ги заземат своите места бидејќи продолжуваме со работа.

Бидејќи стенограмите на говорот на заменик министерот за правда ви се поделени, продолжуваме со работа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Денеска ќе се договориме малку околу Предлог на законот кој што се наоѓа пред нас односно Предлог за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.

Почитувани колеги пратеници, навистина кај мене прво се наметнува дилемата дали воопшто имаше потреба од носење на еден ваков закон, а таа дилема произлегува од тоа што конкретно во Уставот на Република Македонија, односно со амандманот 12, кој што амандмани произлегоа од потпишувањето на Рамковниот договор, јасно е дефинирано дека треба да имаме Комитет за односи меѓу заедниците. Дури ако погледнете во Уставот ќе видите дека тоа е еден од амандманите кои што е најдетално разработен одејќи до таму што повеќе дури и ги дефинира сите кои што треба да бидат членови односно составот како треба да биде составен овој Комитет и вели: “Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по 7 члена од редот на пратениците од Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци”, значи сите оние кои што се претходно внесени во преамбулата. До колку некој од заедниците нема пратеници, дури оди понатаму, чекор понатаму, не како уставен амандман туку токму и како закон и дефинира: “до колку некој од заедниците нема пратеници Народниот правобранител во консултации со релевантните претставници на тие заедници ќе ги предложи другите членови на Комитетот”.

Вака разработен член во Уставот освен овој нема ниту еден друг, и понатаму вели дека Собранието ги избира членовите, дури веќе следуваат ингеренциите кои што ги има овој Комитет.

Вели: “Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Република Македонија и дава мислење и предлози за нивно решение. Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив”. И, понатаму, го решава и она што треба да биде во случај на спор во врска со спроведување на постапката на гласање во Собранието утврдена во членот 69 став 2, Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе се спроведе постапка и кажува дека со ова се заменува членот 79 и т.н. што веќе не е во она што е.

Што повеќе ни требаше почитувани колеги од овој амандман. Овој закон произлезе, а јас разбирам зошто е пред нас,

Прво, затоа што произлегува од мајскиот договор помеѓу Груевски и Ахмети, и

Втора работа, да укажеме пред меѓународната јавност дека ете, почнало да се реализира нешто од тој мајски договор, е ова што овој закон го имаме во овој момент.

Втората работа која што денеска, можеби и утре ќе дебатираме по овој закон и ќе се докажуваме што е во право, а што не, е тоа што парламентарното мнозинство на почетокот на својот мандат незнаејќи како да го обезбеди Бадинтер се послужи со една итроштина и не би сакала повеќе, доволно беше злоупотребувана колешката, да го злоупотребувам нејзиното име, еден пратеник во еден момент ја смени својата националност, помина од една во друга и го направија Комитетот. И тоа можеби нема да беше најголемиот пропуст, меѓутоа знате ли зошто го имаме овој закон, зошто ова беше дел од мајскиот договор. Затоа што истиот тој така направен Комитет, значи така срочен да се има тука можности на надгласување и по Бадинтер и по сите основи, донесува одлука која што за измени и дополни на закон кој што е донесен со Бадинтер да не се гласа за измените за истиот тој закон донесен со Бадинтерово мнозинство е овој пат за измените и дополнувањата да не се гласа со Бадинтеровото мнозинство.

Поради тоа имавме и напуштање и бојкот на седницата од една пратеничка група од опозицијата и ќе кажете и тоа е легитимно. Да, апсолутно секој може да го направи тоа, да бојкотира седница, тоа го правел и СДСМ, тоа го направи и ВМРО-ДПМНЕ во претходниот мандат, долго време во изминатиот мандат и ДПА беше надвор од Собранието, меѓутоа почитувани колеги не е проблемот во тоа. Проблемот е што тоа поинаку го разбира Меѓународната заедница во овој момент кога земјата го имаше кандидатскиот статус и кога бевме само година дена пред извештајот кој што еве ќе стигне можеби за десетина дена. Веќе е готов, за десетина дена ќе го имаме обелоденето пред македонската јавност.

Една од основните работи кои што ни забележуваат, недостатокот на дијалог. И наместо да се продолжи во таа насока, да се свати она за кое што ни е укажувано дека треба да тргне по поинаква линија, наедноставно беше да се донесе овој закон. Не велам дека се нанесува некоја штета со носењето на законот, но целокупното мое излагање беше во насока дека ако не се случеа овие последователни работи немаше денес да имаме потреба од овој закон и сето она што треба да биде регулирано е веќе содржано во амандманот 12 од Уставот на Република Македонија.

Можеби Комитетот за да си ја регулира својата работа понатаму мошеше да си донесе Деловник за работа, да направи програма и т.н., но не гледам зошто беше потребен пред нас да се најде законот за Комитет меѓу етничките заедници.

Почитувани колеги, инаку, некои поголеми и посериозни забелешки освен потребата, значи сега дебатираме за потребата, и од досега кажаното може да се констатира дека јас лично сметам дека апсолутно нема потреба, ќе почекам колегата да седне, затоа што барем оние неколку заинтересирани колеги кои што кои како и секогаш до сега ги следат дискусиите да можам да им се обраќам, значи немаше потреба, бидејки сега говориме за потребата, и секогаш кога е Предлогот на закон , првата фаза е потреба, затоа ова го искажувам, да кажам дека апсолутно немаше потреба од овој закон.

Но кога веќе е пред нас, со оглед дека произлегува од амандманот 12 и тоа што амандманот 12 е преточен во овој закон е малку повеќе образложен и расчленет во членови, а притоа она што се констатира како недостаток за да не ни се случува понатаму затоа што за тоа ни забележа Меѓународната заедница е утврдено со членот 5. Други некои позначајни, поголеми разлики од амандманот 12 и нема во овој закон.

Моите забелешки почитувани колеги не се на членот 5 кој што вели "При поднесување на листата на кандидати за пратеници кандидатот за пратеник доставува во Државната изборна комисија изјава за припадност на одредена заедница", и тоа е во ред. Ако ова го имавме и го почитувавме претходно немаше да ни се случи она што се случи пред година дена. И, велам, при основањето на Комитетот за утврдување на припадноста на пратеникот на одредена заедница се зема во предвид неговата изјава дадена при поднесување на листата на кандидатите за пратеници од Државната изборна комисија. И тоа е во ред, мислам дека тоа беше она што цело време го говореше паралментарната опозиција, дека треба да се почитува, тоа не се коси нити со Уставот, а од друга страна во голема мера влијае за сочувување на дигнитетот на сите пратеници.

Почитувани колеги, што ни се случува, ако ги видиме претходните завршни одредби, токму што ќе помислиме дека Владата можеби извлекла поука од она што ни го кажуваше Меѓунаордната заедница и сега некои работи ги дефинира со закон и сака да постапува како што милува да каже министерката за внатрешни работи, согласно Уставот и законите, меѓутоа најверојатно не сака да постапува согласно Уставо ти законите затоа што во преодните и завршни одредби вели: "Со денот на влегување во сила на овој закон Комитетот избран пред денот на влегување во сила на овој закон продолжува со работа до избор на Комитет согласно со овој закон" и тоа е во ред. Овој став од членот 14 треба да остане. Но, да биде иронијата поголема имаме и став 2 кој што вели: "При изборот на Комитет од став 1 на овој член за утврдување на припадноста на пратеникот на одредена заедница се зема во предвид неговата изјава за припадност на одредена заедница дадена при верификација на мандатот". Значи во членот 5 велиме ќе се зема во предвид неговата изјава дадена кога кандидатот потпишува изјава пред изборната комисија, значи уште кога не е избран, кога е само кандидат за пратеник,  а овде велиме дека ќе биде во важност изјавата која што ја дал пратеникот при верификација на мандатот.

Почитувани колеги пратеници, нема ниту еден овде од нас кој што не потпишал изјава уште кога бил кандидат за пратеник. Тоа беше должност инаку не можеме да бидеме ставени на листите ако не ги потпишевме тие изјави. Зошто и овој пат не се почитува тоа што овој закон кој што ни го достави Министерството за правда вели во членот 5 дека треба да се почитува. Или ќе имаме различни аршини еднаш ќе постапуваме вака и ќе го применуваме членот 5 од следниот мандат, а сега за да си остане се по старо ќе дадеме уште еден член 14 во кој што ќе вметнеме став 2 и ќе се обидеме да го изиграме она што е напишано во членот 5.

Јас можам до некаде и да разберам , почитувани колеги, навистина името на една колешка беше премногу експлоатирано, можеби со ова се прави обид да се зачува до некаде нејзиниот дигнитет односно да не биде вратено се од почеток туку ете да биде исплатлива нејзинаа жртва. Почитувани колеги мислам дека ваков закон каде што еден со друг член се негираат не е добар и не говори дека можеме да постигнеме заеднички дијалог и да продолжиме понатаму да работиме затоа што ова покажува една одредена тенденција дека во сите основи, по сите можни начини ние се подготвуваме за надгласување. Ако се видат ингеренциите кои што ги има Комитетот, ако се знае дека еден дел од законите кои што треба да се носат по Бадинтер се веќе дефинирани со самите уставни амандмани, надлежноста на Комитетот со ништо не ја попречува тоа дали ќе биде токму тој член сеуште член на Комитетот или дека ќе биде избран новиот комитет онака како што предвидува законот.

Околу ова беше мојата сериозна забелешка и дилема заради која што реков: прво, сметам дека немаше потреба, но кога веќе го имаме законот зошто е мојата дилема дали овој закон треба да биде вака прифатен. Во таа насока имам и амандман поднесено со тоа што барам законот кој што сега ќе го изгласа парламентарното мнозинство, а до колку се усвојат амандманите и јас ќе дадам подршка, и нашата пратеничка група ќе гласа за овој закон, значи по усвојување на амандманите, зошто да не бидат преодните и завршните одредби идентични со самата содржина на законот. Не гледам ниту една работа што го спречува ова да се реализира, освен реков, тенденцијата повторно да се надгласуваме

и никако да се согласиме да се договараме за одредени работи кои што се суштински за државата.

Имам уште два амандмани, на целокупниот закон имам поднесено три амандмани. Едниот се однесува на тоа за да се даде можност кога се избира претседател тој да има ротирачки мандат од една година, а за волја на виситната и ние во претходниот мандат се договоривме така да функционира Комитетот, една година мандатот да трае на претседателите и потоа да имаме ротирачки мандат со тоа што ќе се даде можност не само од една етничка заедница 4 години да раководи, туку ќе се даде можност и на помалите етнички заедници да можат да раководат со ова значајно тело кое што произлегува од Уставот на Република Македонија.

Јас очекувам дека амандманот ќе биде прифатен дотолку повеќе што почитуваниот заменик министер рече дека е многу значајно за прашањата што се во негова надлежност се однесуваат на сите припадници на заедниците во Република Македонија кои се утврдени во преамбулата на Уставот на Република Македонија. Да бидеме искрени ако ова не е предвидено со член, може тоа да биде договор, но еве минатиот пат кажувам дека не се почитуваше тој договор, може и овој пат да не се почитува и избраниот претседател да си остане 4 години, до колку тоа е само внатрешен договор и одлука, а вака со закон ќе се знае дека секоја година ќе имаме различен претседател со што ќе им се даде можност и на помалите етнички заедници кои што се застапени во Собранието како што се Турците, Ромите, Власите, Бошњаците да можат да раководат со ова тело.

Инаку, без разлика кој е на влст верувајте секогаш на чело на Комитетот ќе биде претставник од етничката заедница на Албанците. Апсолутно не сум против тоа, но каде е тука нашето мултиетничко општество, ако секогаш имаме, дали ќе биде од ДУИ или од ДПА, апсолутно сеедно, но ќе имаме претставник само од најзастапената етничка заедница во Парламентот. Комитетот, заменикот министер кажа дека е основ за градење на м ултиетничкото општество односно преточување на амандманот 12 во законот.

Покрај овој амандман, имам уште еден за кој што очекувам дека, уште една забелешка преточена во амандман на членот 8 каде што вели: “седница на Комитетот може да се свикува по барање на ...” и замислете прво по барање на Владата на Република Македонија. Почитувани колеги, не може да стои вака. Говоерв и на Комисија. Потоа следува претседателот на Собрание,по барање на пратеничка група, и по барање најмалку на 10 членови на Комитетот. Ова е несериозно. Апсолутно немам намера да зборувам и ова сега да го искористам да говорам против Владата, тоа ми е најмала интенција, туку говорам во насока да си го вратиме дигнитетот на Собранието. Владата и така има голем број на надлежности. Зошто има потреба Комитетот да се свикува, а и не е уставно.Оваа, ваква одредба ќе падне на Уставен суд колеги. Погледајте го амандманот дека вели дека Собранието е надлежно над Владата. Па, ние, па вие, точно и ние минатиот пат сме ги избирале министрите е сега, да бидам искрена кај нас многу одамна работите се поместени и Собранието ја нема вистинската функција која што треба да ја има. Се прават поединечни обиди многу мандати наназад да се врати дигнитетот на Собранието, меѓутоа некако тешко ни оди, а пак во овој мандат го урнавме до најниското можно ниво.

Тука говорам за сите колеги пратеници, без разлика каде припаѓаат, на која пратеничка група, но мора да признаеме, вие пратениците од парламентарното мнозинство сепак имате поголема одговорност, затоа што вие ја добивте довербата од граѓаните да ја водите државата. Тоа треба да го имате на ум и токму таа доверба од народот ве обврзува да бидете поодговорни. Немојте сега кога се работи за меѓуетнички комитет кој што е собраниско тело да може да се свикува по барање на Владата. Навистина апсурд. Сметам дека доколку Владата не го прифати овој амандман колегите од парламентарното мнозинство ќе соберат сили, храброст, достоинство, апсолутно со ништо не се загрозува дигнитетот на Владата туку се враќа нашиот дигнитет. Дајте колеги пратеници малку да поработиме и за себе. Владата реков има свои надлежности, доволно е присутна на медиумите, можеби и повеќе отколку што треба, цело време е во предизборна кампања со спотови, со реклами итн, нека си продолжи. Гледам сега и во пишаните медиуми има некои стрипови за фискални каси, платежни картички, тоа си е нивната политика. Тоа што се трошат парите на граѓаните на крајот на краиштата Владата си има одговорност таа ќе одговара како и за што се трошат. Дајте она ние што можеме да го направиме, да го вратиме дигнитетот на Собранието. Не може претседателот на Владата по барање на претседателот да се свика Комитетот за меѓуетнички односи. Може, по барање на Комитетот за меѓуетнички односи некој ресор во Владата да одржи состанок или да донесе одредени мислења и заклучоци. Кога работите ќе ги поставиме право на нозе, а не на глава како што се досега тогаш ќе почне постепено да се враќа рејтингот на Собранието. Со тоа со враќањето на дигнитетот на Собранието ќе почнеме и малку повеќе да се почитуваме меѓу себе затоа што вака кога само е интенцијата со сила на моќта да се надгласуваме и каде што треба и каде што не треба, јас знам, точно е дека парламентарното мнозинство го има мнозинството и може да ги донесе законите. Но, некогаш треба да се слушне и гласот на опозицијата, да се послуша она што се предлага особено кога се работи за зачувување на дигнитетот на Собранието, затоа што ние сме

пред се пратеници избрани од народот, го застапуваме народот, и треба да го почитуваме парламентарниот дом малку повеќе за и нас да не почитуваат повеќе. Ние, Собранието не е сервис на Владата. Дајте со овој амандман да покажеме дека ни е значајно да почнеме да го враќаме дигнитетот на Собранието, да го изгласаме законот за Комитетот за меѓуетнички односи и покрај тоа што реков дека можеби немаше потреба но кога веќе е тука, но со овие забелешки што јас ги имам. Со оглед дека навистина не се работи со сложен и обемен закон, иако е значаен, третира една значајна материја односно амандман преточен во закон, не беше потребно можеби да имаме две фази, но очекував после комисиската расправа дека Владата сама ќе предложи амандмани по одредени забелешки кои што ги имаат пратниците од опозицијата, а понекаде и од парламентарното мнозинство.

Ќе дадам подршка за потребата од донесување на овој закон, затоа што реков, произлегува од амандманот 12, но за самиот закон очекувам подршка од вас дека ќе ги прифатите забелешките и ќе донесеме еден квалитетен закон со кој што пред се ќе се штити дигнитетот на Собранието и дигнитетот на ова значајно тело Комитетот за меѓуетнички односи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Спасеноски Александар, повелете.

**Александар Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер за правда, почитувани пратеници, дами и господа,

На денешната 76-та седница на Собранието расправаме за Предлогот за донесување закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон. Во оваа смисла имајќи ја предвид нашата одговорност за натамошниот развој и унапредување на меѓуетничките односи и зацврстување на институциите кои го осигуруваат нивниот квалитет, меѓу кои една од носечките е токму Комитетот за односи меѓу заениците, сметам дека овој закон е исклучително значаен односно потребен и затоа истиот треба да се подржи.

Почитувани, со измените на Уставот на Република Македонија од 16 ноември 2001 година се создадоа правни претпоставки во уставно-правниот поредок на нашата држава да се создаде уште една институција, односно да се формира Комитетот за односи меѓу заедниците. Пред уставните измени постоеше така наречениот Совет за меѓунационални односи, кој имаше помали надлежности од оние кои ги има денешниот комитет за односи меѓу заедниците. Со амандманите 10 и 12 од Уставот беше создаден правниот основ за формирање на споменатото тело. Имено, со Амандманот 10 се предвиде дека за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на зедниците кои не се мнозинство во Република Македонија додека, евентуалните спорови во врска со примената на оваа одредба ги решава Комитетот за односи меѓу заедниците. Со овој амандман беше заменет членот 69 од Уставот на Република Македонија. Со амандманот 12, пак подетално беше уредена внатрешната организација на Комитетот за односи меѓу заедниците како собраниско тело кое го основа Собранието на Република Македонија. Така беше предвидено дека Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по 7 члена по редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошнаци. Исто така, беше предвидена ситуацијата доколку некои од споменатите етнички заедници нема свои претставници во Парламентот, Народниот правобранител по консултации со релевантните претставници на тие заедници да ги предложи односните членови на Комитетот. Со точката 1 од овој амандман се замени членот 78 од Уставот на Република Македонија, со кој што беа предвидени надлежностите на Советот за меѓунационални односи и се избриша алинеата 7 на членот 84 од Уставот на Република Македонија, кој се однесува на правата и должностите на Претседателот на Република Македонија.

Почитувани пратенци,

Врз основа споменатото само по себе се наметнува заклучокот дека Предлогот за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, всушност претставува рефлексија на уставните одредби со кој се регулира неговата надлежност организација и функционирање. Исто така, со овој закон попрецизно се регулира и прашањето на националната припадност на пратениците кои според членот 5 на Предлогот должни се да достават изјава за припадност како одредена заедница, како и процентуалната застапеност на припадниците на заедниците според бројот на местата кои ги имаат освоено во македонскиот законодавен дом.

Почитувани колеги, како заклучок од изнесеното можеме да констатираме дека со Предлогот за донесување на закон за Комитетот за односи меѓу заедниците правно се дорегулира работата на Комитетот за односи меѓу заедниците во согласност со Уставот на Република Македонија. Оттаму, како што истакнав на почетокот сметам дека истиот треба да се подржи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Салију Шабан, повелете.

**Шабан Салију:** Благодарам. Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата,

Како пратеник би сакал да го искажам своето мислење во поглед на Предлог законот за донесување на Закон за Комитет за односи меѓу заедниците. Како припадник на Ромската заедница прво да кажам дека сум член на овој Комитет за односи меѓу заедниците од овој состав со формирањето на новата Влада и лично сметам дека е оправдана потребата од донесувањето на еден ваков закон со кој попрецизно ќе се регулира материјата што се однесува во поглед на Комитетот за односи меѓу заедниците и тоа поврзани со надлежноста на телото за решавање на споровите во врска со донесување на Законот од областа на културата, образованието, личните документи како и употребата на јазиците на заедниците во Република Македонија. Лично сметам дека Предлог законот е во согласност со почитувањето на човековите права и слободи и тоа како основите така и колективнните права и е во духот на Рамковниот договор и во согласност со амандманот на Уставот на Република Македонија и тоа 12-тиот амандман. Битно прашање што регулира овој Предлог закон се доуредувањето на прашањата што се однесуваат за начинот, условите и постапката за основање на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Предлагам Предлог законот да претрпи одредени корекции, доколку може да се имаат во предвид и да се прифатат. Имено, се работи за измена на член 3 став 3, поради усогласување на редоследот на наведување на имињата на заедниците со редоследот на амандманот од Уставот на Република Македонија и тоа да следува вака: со оглед дека Ромската заедница во држават според последните статистички податоци изнесува 53.789, таа е трета по ред етничка заедница во Република Македонија така, што после Албанците, Турците, да следуваат Ромите, Србите, па останатите.

Потоа, предлагам допрецизирање на член 8 на начин што ќе се примени принципот на ротирање на претседателот во Комитетот за односи меѓу заедниците од една проста причина што секоја заедница да има право во текот на траењето на мандатот на овој Комитет да има евентуално можност да биде претседател односно да претседава со овој Комитет. Потоа, во поглед на член 5 став 1 сметам и предлагам дека добар е предлогот да се регулира, дека кандидатот за пратеник до ДИК навремено да поднесе изјава за припадност на одредената заедница при поднесување на листата на кандидати за пратеници.

Во поглед на дилемата дали ќе треба нов состав евентуално по изгласување на овој Предлог закон за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците сметам дека овој состав кој во моментот е изгласан од доаѓањето на оваа Влада треба да продолжи со работа и понатака. И на крајот, сметам дека изгласувањето на овој Предлог закон е добра работа од една проста причина што на овој начин конституирањето на Комитетот лично сметам дека е поставено на повисоко ниво, наместо Комитетот за односи меѓу заедниците како досега да се конституира со одлука, овој пат се предлага тоа да се прави со Закон и е регулирано со Закон, односно би било регулирано со Закон.

После сето ова што го кажав во однос на Предлог законот, како пратеник на Демократските сили на Ромите, ќе гласам за овој закон. Благодарам на вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам. Пред да започнам би сакал да изразам едно чудење што сега последниот говорник го искажа во неговиот говор дека овој закон вреди да се подржи затоа што наместо со одлука Комитетот би бил конституиран сега со закон што е повисока форма. Господине Салиу, Комитетот е основан со Устав, не со одлука, така што е ова сосема обратното, со закон сакаме да уредиме нешто што апсолутно нема потреба, одлуката е само операционализација, техничка. Инаку Уставот е тој што го уредува тоа.

Јас лично се двоумам дали овој закон е потребен на Собранието на Република Македонија од две причини.

Првата причина е што во Амандманот 12 на Уставот на Република Македонија се што треба да се уреди во врска со Комитетот за односи меѓу заедниците е уредено, освен некои сосема технички прашања кои ги уредува Деловникот на Собранието и кој ги уредува на единствен начин за сите работни тела кои се во Собранието на Република Македонија. Да не заборавиме господин заменик, заменик во смисла на предлагач, и господа пратеници, дека има и други во Уставот утврдени работни тела на Собранието кои се утврдени со Устав и понатаму со Деловникот на Собранието на Република Македонија, како што е Анкетната комисија за заштита на човековите права. За неа не постои закон и не ни треба да постои затоа што со Устав е основана, а Деловникот ги уредува прашањата. Од прилика од правен аспект или од уставен аспект ист однос треба да се има и кон Комитетот за односи меѓу заедниците, особено што Комитетот не е нов, ние во пежоративна смисла го сметаме за нов, востановен со Уставот од 2001, а прв пат избран со составот на Собранието во 2002 година веднаш после изборите некаде во октомври, ноември. Меѓутоа да не заборавиме дека Комитетот за односи меѓу заедниците, кој е предмет на овој закон, а кој е по мене целосно уреден во амандманот 12 на Уставот, всушност е наследник на Советот на меѓунационални односи кој е уставен инструмент, па дури и уставна

институција уште со Уставот од 1991 година и ако го отворите Уставот стои уште таа одредба која е заменета со амандманот 12. Така што не е ништо ниту премногу ново, ниту премногу драматично да треба сега да се уредува со Закон, јас сум на сериозна мисла дали овој закон е воопшто потребен од тој агол гледано.

И второто е, читајќи го законот освен една одредба која е императивна, а тоа е дека не може да се случи тоа што сега се случи со една колешка пратеник во Собранието на Република Македонија. Тука има одредба дека припадноста на некаква "одредена" го користи зборот, припадноста на одредена заедница не може да се менува откога ќе се потполни анкетниот лист за верификација во Собранието или дадена при поднесување на листата на кандидати при листата за изборните процеси. Тоа е единственото ново, тоа е единственото што законот го уредува. Сето друго што е во овој закон е директно препишано или од Уставот или извлечено од Деловникот кој да не заборавиме дека според уставната поставеност Деловникот не само што има карактер на закон, затоа што е императивен за нас, спомнат е во Уставот и таму пишува Собранието својата работа ја уредува со Деловник, не пишува со закон туку со деловник што значи дека е исто и второ, кажува дека Деловникот се носи со 61 глас, за разлика од законите кои се носат знаеме, со мнозинство од 40 или повеќе ако се присутни. Значи, дури, Деловникот има повисока уставна позиција од аспект на мнозинство потребно во Собранието отколку овој закон сега што се носи, а делови од ова што овде го пишуваме во законот е веќе во Деловникот напишано, затоа што таму деловите за работните тела на Собранието кои овде се препишани со идентичен вординг или со некои изместување на зборовите кое е сосема небитно е исто така препишано од таму. Така што мислам дека освен една сосема банална потреба која ја договориле господинот Груевски и Ахмети дека треба да се донесе ваков закон, за кој во меѓувреме господинот Ахмети очигледно е дека целосно се повлече, ниту присуствуваат во Собранието од ДУИ, ниту одат на тие состаноци, еве денеска видовме повторно, каде лидерите расправаат за вакви работи претходно пред партиите во Парламентот да дебатираат за некој основен консензус, очигледно дека веќе на никого не му значи овој закон. Тие само еден, еве да речеме, еклектички пристап, неколку ставови на амандманот 12 на Уставот на Република Македонија, неколку ставови од Деловникот на Собранието на Република Македонија споени во закон по втор или трет пат предизвикуваат иста правна норма што веќе е напишана во Република Македонија и не знам зошто тоа се прави. Така што е многу спорно за мене зошто со закон го уредуваме тоа што директно со Устав е уредено на начин што не создава никакви проблеми во врска со уредувањето освен таа една одредба која ја кажав. Меѓутоа, местото на таа одредба е изборниот закон, зошто тука вели дека припадноста на пратениците се утврдува, се зема во предвид при неговата изјава, треба да стои "неговата или нејзината", изјава дадена при поднесување на листа на кандидати за пратеници, поднесувањето на листа на кандидати за претници во ДИК е процедура во изборната постапка, не е процедура во работата на Парламентот. Инаку, сите други одредби, јас и ќе наведам некои примери, се непотребни. За мене особено е чудна одредбата во членот 1 од законот, општата одредба, која вели: "Со овој закон се уредува основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците", јас не знам, дури го сметам за правничка храброст во закон да се напише дека со овој закон се уредува основање на Комистет. Инаку еве, сега го цитирам Уставот на Република Македонија, Амандман 12 точка 1 став 1: "Собранието основа Комитет" итн., што значи дека основањето на Комитетот за односи меѓу заедниците е директно уредена со Устав и не гледам никаква потреба со закон да се препишува сега истото и да стои како закон.

Затоа што, ако е спротивен од Уставот, не може да се применува, а ко го препишува Уставот, на никого не му е потребен. Понатаму, ако ги следиме одредбите на законот, ќе видиме дека практично тој само го препишува Уставот во цел негов тек понатаму. Еве, членот 3, Собранието избир аи разрешува членови на Комитетот. Тука пишува дека Комитетот го сочинуваат 19 члена и т.н., кои ги избира Собранието. Собранието ги избира членовите на Комитетот, амандман 12 точка 1 став 3.

Понатаму, законот наведува како се распоредени седиштата во Комитетот. Седум македонци, седум Албанци и по еден од другите етнички заедници, исто уредено со амандманот на Уставот. И, кога ќе го читате натаму законот, буквално не може да се најде ништо, освен таа одредба и затоа сум многу скептичен во врска со таквата одредба. Дури овој член со Народниот правобранител е уставна материја, не знам зошто повторно со закон. Верувам дека и иницијаторите на овој непотребен закон Груевски-Ахмети во нивниот договор од мај, кој не знам дали го почитувате или не, дека постои или не постои, очигледно е дека постои, ако ги прашате дали замислувале да се препише Уставот со закон, логично мислам дека нема никаква потреба тој да се донесе. А, ова што сега со законот се уредува единствената новина дека пратеникот при поднесување на листа на кандидати за пратеници треба да се изјасни и тоа ќе биде основа за Комитетот, а пак понатаму знаеме дека и сега нашиот состав е избран со таква одредба во Изборниот закон. Ние кога пополнуваме евидентен статистички лист за кандидатура што прифаќаме во кандидирањето за пратеници, ние се изјаснуваме и за нашата етничка национална припадност. Знаејќи Владата како предлагач дека во Парламентот се има случен сериозен преседан односно дека таа изјава е сменета, еден од 120

пратеници во својата писмена изјава до Државната изборна комисија напиша дека е припадничка на македонскиот народ, додека понатаму во Парламентот ја смени својата изјава и напиШа дека е припадничка на влашката етничка заедница во Република Македонија.Предлагачот знаејќи дека Парламентот функционира со таква недоследност, која не само што е правна недоследност, туку и сериозно влијае на работата на Парламентот. Ние знаеме дека во композицијата на сегашниот Комитет за односи меѓу заедниците токму тој еден глас на два три пати гласаше, по мое видување, спротивно на одредбите на духот на Уставот. Тоа на крајот на краиштата ги натера ВМРО и ДУИ да преговараат во мајскиот договор и од таму тргна целата иницијација, се донесоа некои закони без Бадентер, се смени составот на Парламентот експост и на крајот заврши со напуштање на Паралментот од страна на ДУИ еве по втор пат.

Сега, овој закон се труди да ја исправи таа недоследност, меѓутоа она што господин претставник на Владата, заменик министер е најтешката одлука која сакате да ни ја протуркате во Парламентот, еве така да ја наречам е дека при изборот на Комитетот во сегашниот состав за утврдување на припадноста на пратеникот на одредена заедница се зема неговата изјава при верификација на мандатот. Значи, сега вие ни кажувате на сите дека ќе важат изборните изјаснувања во кандидирањето за пратеник од сега натаму, меѓутоа до 2010, додека сте вие на власт и додека ви е потребен Комитетот со закон да го верификувате на некој начин малиот фалсификат. Така што, од тој агол гледано овој закон се обидува да протурка во Парламентот со законска одредба, тоа е единствената втора новина еден мини фалсификат, да не го крстиме фалсификат, мини изигрување на политичкиот систем во Република Македонија. Ако така го третираме ние гласањето по тој таканречен Бадентеров принцип, тогаш во Собраниево на Република Македонија можеме врз основ ан аполитички договори секој од нас да ја менуваме националната припадност за потребите на Парламентот и тоа да биде клуч при гласањето по Бадентер, да има или да нема мнозинство на едната или на другата страна во Парламентот. И, тоа не е добро и тенденцијата на овој закон со таа новина која апсолутно, сега се трудам да не кажам некој збор кој би бил лош, апсолутно е контрадикторна да речеме со духо тна правото, треба да се исврли од тука. И, онаа другата одредба дека важи ливчето за верификација на етничката припадност до изборниот процес да се исфрли да оди во Изборниот закон и ако ги исфрлите тие две одредби, затоа што едната верификува фалсификат,на другата не и е местото тука, туку во Изборниот закон, тогаш овој закон можете да го повлечете, затоа што директно го опишува тоа што во Уставот е напишано целосно.

За да не мислите дека само неколку члена ги цитирав по тој основ, ќе продолжам, да речеме, што е уредено со законот.

Комитетот од своите редови избира претседател и заменик. Што е тука ново уредено во правниот систем на Република Македонија. Во Деловникот кој го имаме пред нас и по кој работиме тоа е уредено. Тој се носи со повеќе гласови, отоклку овој закон по Уставот. И, тој е донесен. Или одредба дека Комитетот својата надлежност ја врши на седници. Мислам, какви се овие зборови. Значи, немало закон кој е со 13 членови и уште три преодни одредби кои не се суштина на законот, во кои од тие 13, само 4 или 5 се препишани од Уставот, 4 или 5 се препишани од Деловникот и сега за да не биде законот составен од 3-4 члена, додадено е дека Комитетот работи на седници. Па, ууште и одредби каде се вели Комитетот го свикува претседателот, што се знае во Деловникот како работно тело, па уште вика денот, местото и часот на одржување на седница ги предлага претседателот. Сега, за да добиеме закон кој има малку повеќе членови, да го напишеме и местото на одржување и т.н., значи нема потреба од овој член. Исфрлете го тој член исфрлете го другиот член, ќе видите дека едноставно тука нема ништо значајно. Тоа истото важи и за член 8 ставовите 2, 3, 4, 5, сега членот 6 е посебно, членот 8 став 6 е посебно интересен. Предлагачот предлага Комитетот кој е собраниски да може да го свика претседателот на Владата, за тоа госпоѓата Роза говореше и јас се сложувам, дека апсолутно потценувачка одредба е за нашиот Паеламент дека претседателот на Парламентот свикува тело и понатаму вели може да го свика пратеничка група, која по нашиот Деловник брои 5 члена, што значи 5 члена се услов да се свика Комитет и по барање на најмалку 10 членови на Комитетот. Значи 9 членови на Комитетот не можат да го свикаат Комитетот, а се членови на Комитет, а 5 членови на пратеничка група, па дури и што нема пратеник во Комитетот, може да го свика. Каква е таа мајоризација на 5 врз 10 членови од Парламентот. Или на 5 нечленови на Комитетот врз Комитетот. Или на претседателот на Владата врз Комитетот. Еве, да го прашам предлагачот од стана на Владата, зошто не е ставен на пример Претседателот на државата. Неговата позиција во однос на Комитетот за односи меѓу заедниците е идентична со позицијата на Владата. Тие се двата паралелни делови на извршната власт. Ако еден дел на извршната влст може да го свикува собранискиот Комитет, дајте право и другиот дел од извршната власт да го свикува Комитетот. Меѓутоа, ќе повторам, мислам дека само за да се докити нешто, што едноставно нема никаква потреба. Членот 9 ништо друго не допишува, отколку членот, амандманот 12 на Уставот, истото го прави и членот 10, го препишал членот 69 и амандмнот 10 од Уставот, каде што кажува дека Комитетот за одлучување особено ги засега прашањата и ги наведува културата, употребата

на јазикот, образование, лични документи и употреба на симболите, а тоа е членот 69 од Уставот кој е сменет со амандман 10 од Уставот и кој утврдува таа материја како Собранието ја носи. И, ако продолжиме понатаму ќе видиме дека дури и ставот 4 од амандман 12 од Уставот е директно препишан дека Собранието е должно да ги разгледа мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив. Да не го читам уште еднаш истото ова беше од Законот истото соодветно без никакви измени е напишано во Уставот на Република Македонија и т.н., вклучувајќи ги овие одредби дека стручните и други работи ќе ги врши Стручната служба на Собранието, дека Комитетот ја информира јавноста со својата работа и т.н. Значи, тука или треба да се избришат сите овие членови бидејќи се непотребни или да се додадат уште сто вакви сосема непотребни, дека работи на отворени седници, па ако сакате да ги затвори седници, која е процедурата, па кој покренува иницијатива за затворање, се е тоа уредено во Деловникот господин потпретседателе. Затоа, додека не добиеме сериозни укажувања од страна на Владата што надоградува во правниот систем овој закон, ќе остане дилемата дали тој треба да се носи. Моето прашање до предлагачот е токму тоа и со тоа завршувам. Тој да ни каже штонадоградува во правниот системовој закон што ни го предложи во Собранието? Со оглед дека Владата има обичај да не одговара на пратениците, ќе си го земам правото да одговорам. Ништо не надоградува во правниот систем на Република Македонија и е непотребен закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата,

Можам слободно да продолжам во бескрај онаму каде што застана мојот колега Никола Поповски, меѓутоа воопшто тоа нема да допре до предлагачот на овој закон за да размисли што всушност претставуваат овие 16 би рекол изнудени членови, разредени со голем проред за да изгледа оваа хартија,овој закон подебело, за да изгледа посериозно, доставен во Собранието пред пратениците. Што значи тоа? Буквално изнасилено Владата одлучила со закон да ја регулира оваа област односно овој институт кој е веќе предвиден во амандманите 10 и посебно во амандманот 12 од измените на Уставот во Република Македонија, каде што буквално сосема доволно се опишани најважните работи потребни за конституирањето, функционирањето и надлежностите на овој Комитетот за односи меѓу заедниците. Сега, кога веќе констатираме една таква работа, кога Владата ни предлага закон ради закон, не знам зошто, дали да го зголеми бројот и да се прикаже како уште поработлива пред Европската унија која преку ова меѓу другото ќе го цени напредокот и реформскиот карактер на Владата или да се покаже конструктивна за да се одолжи за некои обврски од договорот за 29 мај со политичката партија ДУИ или популарната усменост, согласност за премиерот Никола Груевски, од која подоцна излегоа записници за кои тој не знаел дека се водат на средбата со Али Ахмети, па од тие записници еве сега се преточени во закон таканаречен, бидејќи сметам дека е непотребен затоа велам таканречен. Непотребен е, затоа што согласно Уставот на Република Македонија овие рпашања се сосема солидно уредени за да може непречено да функционира еден ваков институт. Меѓутоа, што е проблемот? Се случи проблем кога ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт минатата година и кога сакаше во занесот по победата на изборите да завладее сос е во Република Македонија, да прегази се и така да го окупира преку фалсификат и Комитетот за односи меѓу заедниците, а не да остави согласно Уставот како што предвидел, да биде тоа природен, Комитетот да биде природна селекција на оние пратеници кои се од заедниците во Република Македонија, кои се припадници на заедниците и кои треба да членуваат во него. Значи, ВМРО-ДПМНЕ се обиде и тоа го направи да ја земе превласта во Комитетот преку промени на некои изјави на пратениците за припадноста, за етничката припадност. Значи, господинот Никола Груевски цело време го негираше тој таканаречен за него мајски договор, а од друга страна господинот Али Ахмети и ДУИ цело време викаа дека постои договор. Целата македонска јавност со месеци ја тресеше аферата со тој таканаречен мајски договор за кој помеѓу другото, помеѓу овој Комитетот за односи меѓу заедниците, се говореше дкеа ВМРО-ДПМНЕ ќе прифати и донесување на закон за јазиците односно проширување надвор од Охридскиот договор, употребата на јазиците во институциите на Република Македонија, па дури се зборуваше и за пензии на припадниците на ОНА, обврски кои премиерот Груевски во тие договори се спомнуваше во јавноста дека ги превземал, според господинот Ахмети. Значи, зошто, што го натера ВМРО-ДПМНЕ да предложи ваков закон. Затоа, ќе почнам од назад на законот, бидејќи не е многу голем, само 16 члена се, од преодните и завршни одредби, кои велат дека од членот 14 став 2 дека при изборот на Комитетот за утврдување на припадноста на пратеникот од одредена заедница, се зема предвид неговата изјава за припадност наодредена заедница дадена при верификација на мандатот за пратеник. Дали ова значи, да не го гледаме содржината на законот да ја гледаме само завршната и преодна одредба. Дали ова претставува озаконување на фалсификатот Што го нарпави ВМРО-ДПМНЕ пред повеќе од една

година, со упадот во Комитетот за односи меѓу заедниците, каде што еден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ при доставувањето на кандидационите листи во Државната изборна комисија се имаше изјаснето како Македонец по национална припадност, за да потоа при верификацијата на мандатот се смени таа изјава и се изјасни тој пратеник како припадник на друга заедница односно друга националност во Република Македонија. Дали оваа преодна и завршна одредба ставот 2 од членот 14 е суштината и круната на озаконување на фалсификатот односно поправање, овој е преблаг збор, покривање на состојбата што ја предизвика и на направи ВМРО-ДПМНЕ и поради која се зборуваше повеќе месецикако крупен скандал, како крупна афера и поради што, помеѓу другото е правен и мајскиот договор помеѓу Груевски и Ахмети. Значи, зошто ви е преодната одредба, која ја прочитав. Ако мислите дека е тоа правило, дека е тоа принцип, зошто тогаш оваа преодна одредба, господо од Владата, не си ја ставите во членот 5 од текстот на законот. Во ставот 2 кој што вели вака “при основањето на Комитетот за утврдување на припадноста на пратеникот од одредена заедница, се зема предвид неговата изјава дадена при однесувањето на листата на пратеници во Државната изборна комисија.

Значи, самите признавате, се фаќате во стапица дека ова што претходно сте го регулирале во членот 5 став 2 е правилото и го признавате правилото. Тоа беше случај и пред изборите во 2006 година, меѓутоа тоа правило вие го прекршивте при верификацијата на мандатите. Значи, ако бевте сигурни, тука се гледа вашата скриена намера дека преодната одредба всушност ви значи еден вид на озаконување, покритие на скандалот што се направи со упадот на ВМРО-ДПМНЕ во Комитетот.

Зошто ВМРО-ДПМНЕ мисли дека апсолутен господар треба да биде на се и сешто во оваа држава, па ако треба и по цена на прекршување на Уставот и законите во Република Македонија. Од каде таа тенденција, од каде таа желба за апсолутна власт за ставање на рака на се што може да се стави рака и блокирање и партизирање на сите институции кои, според ВМРО-ДПМНЕ треба да бидат самостојни, независни и професионални. Како вие вистински ќе давање мислења што е основна надлежност на Комитетот согласно Уставот и како ќе ги разрешувате евентуалните различни мислења или конфликти во врска со примената на некои одредби кои се однесуваат на правата, културите и така натаму на заедниците на Република Македонија што не се мнозинство.

Значи, преку мајоризација, преку волјата на владеачката партија, тоа е наметнување на политиката на оној што е на власт, а не реално решавање или балансирање, односно обид да се стави во законска рамка евентуален спор, доколку би се појавил за правата на припадниците на заедниците. Значи, тоа не е реално.

Дали ова ви треба само додека сте на власт и што мислите понатаму? Дали на ваков начин мислите да ги градите институциите во Република Македонија. Говоревме за Комисијата за хартија од вредност, за Советот за статистика, за Јавното обвинителство, за Судскиот совет, сега медиумите пишуваат за скандали при изборот на Управниот суд за непотизам. Еве сега дојдовме и до Комитетот за односи меѓу заедниците. Што мислите вие, што ќе се случува еден ден кога мандатот ќе ви заврши или кога ќе изгубите на избори, или кога ќе си одите од власт, што е сосема нормално и природно да се очекува.

**Иван Анастасовски:** Имате уште една минута до крајот на денешното работно време. Ова е само како за ваша информација.

**Борис Кондарко:** Добро, да ја завршам реченицата.

Што очекувате да се случува понатаму откога ВМРО-ДПМНЕ повеќе нема да биде на власт. Дали тогаш ќе си го носите овој Комитет, оваа уставна категорија во вашата партија, во седиштето на вашата партија, дали ќе стане партиски орган, или ќе остане во трајно наследство како уставна категорија, како институција на оваа држава, која ќе работи на подобрување на односите, односно подобрување на правата, или помагање при остварување на правата на заедниците во Република Македонија.

Значи, на кој принцип вие ќе работите. Дали целта ви е краткорочна, или долгорочна. Дали целта ви е себична, или тесно партиска, или мислите за некој повисок интерес за државата, затоа што вака го партизирате Комитетот. Меѓутоа, кога и да е, ова ќе излезе на површина и ова некој ќе мора да го ревидира, овој закон.

Благодарам почитуван потпретседателе, дискусијата ќе ја продолжам кога ќе продолжи оваа седница.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, задржете си го тоа право да дискутирате и понатаму.

Почитувани колеги, за денеска завршуваме, утре во 11,00 часот продолжуваме со 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)